ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD - SKOPJE

ПОЉОПРИВРЕДНИ ФАКУЛТЕТ - НОВИ САД
FACULTY OF AGRICULTURE - NOVI SAD

СОВЕТУВАЊЕ СО РАБОТИЛНИЦА
CONFERANCE WITH WORKSHOP

„Чување на свеж зеленчук, овошје и цвеќе"
"Storage of fresh vegetables, fruits and flowers"

ОХРИД, 8-10 октомври 2007
OHRID, 8-10 october 2007

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ
PROCEEDINGS AND PRESENTATIONS

Скопје, 2007
Skopje, 2007

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD - SKOPJE

ПОЉОПРИВРЕДНИ ФАКУЛТЕТ - НОВИ САД
FACULTY OF AGRICULTURE - NOVI SAD

СОВЕТУВАЊЕ СО РАБОТИЛНИЦА
CONFERANCE WITH WORKSHOP

„Чување на свеж зеленчук, овошје и цвеќе“
“Storage of fresh vegetables, fruits and flowers“

Поддржано од / Support by

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
AgBiz Program

"Мислењата изразени во оваа публикација му/им припагаат на (авторот/авторите) и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Мегународен Развој или на Владата на Соединетите Американски Држави."

Вардар 03 а.д.
ГРАДСКО

HOLMA
export-import
Strumica - Macedonia

S&G

ОХРИД, 8-10 октомври 2007 год.

Во организација на

Факултет за земјоделски
науки и храна - Скопје

Пољопривредни факултет - Нови Сад

Организационен одбор

Претседател
Ѓорѓи Мартиновски

Ордан Чукалиев
Милан Крајиновиќ
Данаил Јанкуловски
Елзар Фаллик
Михал Ѓуровка
Зоран Илиќ
Стефанка Хаџи Пецова
Звезда Богевска

Секретар:
Звезда Богевска

Уредувачки одбор:
Ѓорѓи Мартиновски
Данаил Јанкуловски
Звезда Богевска
Михал Ѓуровка
Елзар Фаллик

Главен и одговорен уредник:
Ѓорѓи Мартиновски

Издавач:
Факултет за земјоделски
науки и храна – Скопје

Печити:
БороГрафика - Скопје

Тираж:
300 примероци

Organized by

Faculty of agricultural
sciences and food - Skopje

Agricultural faculty – Novi Sad

Organizing committee

Chairman
Gjorgji Martinovski

Ordan Cukaliev
Milan Krajinovic
Danail Jankulovski
Elzar Fallik
Mihal Gjurovka
Zoran Ilic
Stefanka Hadzi Pecova
Zvezda Bogevska

Secretary
Zvezda Bogevska

Editorial board
Gjorgji Martinovski
Danail Jankulovski
Zvezda Bogevska
Mihal Gjurovka
Elzar Fallik

Editor - in Chief:
Gjorgji Martinovski

Published by:
Faculty of agricultural
sciences and food - Skopje

Printed by:
BoroGrafika – Skopje

Copies:
300

CIP

Предговор

Чувањето на свеж зеленчук, овошје и цвеќе е еден од поважните побербени процеси во рамките на вкупната технологија на производство на зеленчук, овошје и цвеќе. Побербените процеси на свежиот зеленчук, овошје и цвеќе, практично, започнуваат од бербата до крајниот потрошувач.
Основна цел на чувањето е сочувување на квалитетот на свежите продукти и намалување на вкупните губитоци - тежински и финансиски.
Имајќи ја во предвид актуелноста на чувањето на свежиот зеленчук, овошје и цвеќе во современи услови на живеење, Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, Р. Македонија и Пољопривредниот факултет од Нови Сад, Р. Србија во октомври 2007 год. го организираа меѓународното советување со работилница на тема: „Чување на свеж зеленчук, овошје и цвеќе". На советувањето присуствуваа 14 домашни и 45 странски учесници. Презентирани беа: 9 стручно-прегледни и 21 научно-едукативни соопштенија во кои беа изнесени методите, техниките и технологијата на чување на свеж зеленчук, овошје и цвеќе.
Зборникот ќе биде од корист на стручната и научната јавност, на производителите на овошје, зеленчук и цвеќе, на преработувачите, трговците и студентите на земјоделски науки.
Општ впечаток е дека учесниците се здобија со нови знаења и информации, размениија мислења и искуства. Врз база на реализираната програма и содржина, на советувањето произлезе заклучокот дека се чувствува потреба од почесто организирање на вакви едукативни советувања со работилници.

Од уредувачкиот одбор

Preamble

The storage of fresh vegetables, fruits and flowers is one of the most important postharvest processes in the frame of the total technology of vegetable, fruit and flower production. Postharvest processes begin form harvest to the last consumer.
The main target of the storage is to maintain the quality of fresh products and to slow down the total loses.
Having in mind, the actuality of storing fresh vegetables, fruits and flowers in the modern conditions of living, the Faculty of agricultural sciences and food in Skopje, R. Macedonia and Faculty of agriculture in Novi Sad, R. Serbia in October 2007 organized the Conference with workshop on theme: "Storage of fresh vegetables, fruits and flowers". In the conference were 14 participants from the host country and 45 foreign participants. It was presented 9 professional-reviewable and 21 scientific-educational reports in which were given the methods, techniques and technology of the storage of fresh vegetables, fruits and flowers.
The proceedings will be useful for scientific and skilled public, for producers of vegetables, fruits and flowers, for processing industry and for students of agricultural sciences.
The general impression was that all participants gained knowledge and data, exchanged opinions and experiences. On the base of the realized program and subject of the conference, it was concluded that there is a need of often organization of educational conferences with workshops in this field.

By editorial board

СОДРЖИНА

ТРУДОВИ

1. Данаил Јанкуловски, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Боѓевска
ЧУВАЊЕ НА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК ВО Р. МАКЕДОНИЈА-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ 9

2. Нејада Косовиќ, Елведин Чокаловиќ, Смиљка Вукашиновиќ, Лутвија Кариќ, Изудин Коклиќ, Фикрет Бехмен, Сејо Бечиревиќ
СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВА ВО ОБЛАСТА НА ЧУВАЊЕТО НА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК, ОВОШЈЕ И ГРОЗЈЕ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА 17

3. Mile Dardic, Sretenka Srdic, Boris Pasalic, Vida Todorovic
PRESENT STATE AND PERSPECTIVE OF FRESH VEGETABLE AND FRUIT STORAGE IN REPUBLIKA SRPSKA 23

4. Natasa Mirecki
PRESENT SITUATION AND PERSPECTIVES IN PRODUCTION AND STORAGE OF FRESH VEGETABLES AND FRUITS IN THE MONTENEGRO 29

5. Josip Borosic, Bozidar Benko, Tomislav Jemric, Zoran Krasnik
STORAGE OF FRESH VEGETABLES AND FRUITS IN CROATIA: STATE AND PERSPECTIVES 35

6. Janez Hribar, Rajko Vidrih
PRESENT SITUATION AND PERSPECTIVES IN STORAGE OF FRESH VEGETABLES, FRUITS AND FLOWERS IN SLOVENIA 41

7. Михал Ѓуровка, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Боѓевска
АГРОБИОЛОШКИТЕ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЧУВАЊЕТО НА СВЕЖИТЕ ПРОДУКТИ 45

8. Mustafa Sakaldas, Kenan Kaynas
POSTHARVEST LOSSES AND SOLUTION RECOMMENDATIONS ON STONE FRUITS GROWN IN TURKEY 53

9. Зоран Илиќ, Авита Бен-Јосеф, Јаков Партзелан, Шарон Алкалаи-Тувиа, Елзар Фалик, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Боѓевска
ПРИМЕНА НА 1-МЕТИЛЦИКЛОПРОПЕН (1-МЦП) ВО ИНХИБИРАЊЕ НА ЗРЕЕЊЕТО НА ПЛОДОВИТЕ ОД ДОМАТ 61

10. Zoran Ilic, Avital Ben-Yosef, Yaccov Partzelan, Sharon Alkalai-Tuvia, Elazar Fallik
LAA- LIPOPHILIC AND HAA-HYDROPHILIC ANTIOXIDANT ACTIVITY OF RED BELL PEPPER DURING STORAGE ON DIFFERENT TEMPERATURE 69

11. Susan Phasey
APPLE STORAGE IN THE UK: EVALUATION OF CURRENT SMARTFRESH™ PRACTICE AND FUTURE TECHNOLOGIES 77

12. Rajko Vidrih, Janez Hribar
PHYSIOLOGICAL PROBLEMS DURING APPLE STORAGE IN SLOVENIA 83

13. Alan F J Gash
1-METHYLCYCLOPROPENE (1-MCP) UK APPLE GROWERS EXPERIENCES IN 2006 87

ПРЕЗЕНТАЦИИ

1. Elzar Fallik
THE AGRICULTURAL RESEARCH ORGANIZATION (ARO) THE VOLCANI CENTER

2. Elzar Fallik
ISRAELI AGRICULTURE

3. Elzar Fallik
PRESTORAGE HOT WATER RINSING AND BRUSHING TECHNOLOGY TO MAINTAIN THE QUALITY OF FRESH AND FRESH-CUT PRODUCTS

4. Vladan Markovic
STORAGE OF THE VEGETABLES IN THE HOUSEHOLD

5. Elzar Fallik
POSTHARVEST PRACTICES OF SWEET PEPPERS IN ISRAEL

6. Elzar Fallik
THE EFFECT OF 1-MCP ON QUALITY AND SENSORY ON 'GALIA'-TYPE MELON AFTER PROLONGED STORAGE

7. Felix Lippert
OVERVIEW OF THE EU MARKET FOR FRESH FRUITS AND VEGETABLES TRENDS AND REQUIREMENTS IN THE FRESH SECTOR

8. Ivanka Milenkovic
MARKET OF FRUITS AND VEGETABLES IN SERBIA

9. Marjan Simcic
MARKETING OF FRESH FRUITS AND VEGETABLES IN SLOVENIA

10. Marjan Simcic
ORGANIC FOOD PRODUCTION: CULTURE, ECOLOGY, NUTRITION

11. Shimon Meir
GENERAL PRINCIPLES IN POSTHARVEST PRACTICES OF CUT FLOWER

12. Stefanka Hadzi Pecova
FLOWER PRODUCTION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

13. Shimon Meir
PROLONGED STORAGE OF ORNAMENTAL GEOPHYTES BY VARIOUS NEW TECHNOLOGIES

14. Elzar Fallik
INTERPRETATION OF STANDARDS USING DIGITAL IMAGING TECHNOLOGY

15. Elzar Fallik
FARMER, EXTENSION, RESEARCH THE MODEL SYSTEM IN ISRAEL

ТРУДОВИ

ЧУВАЊЕ НА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК ВО Р. МАКЕДОНИЈА - СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ -

Данаил Јанкуловски, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Богевска
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

КРАТОК ИЗВАДОК

Чувањето на зеленчукот е една од битните алки во послебербените процеси. Основна цел на чувањето е да се сочуваат квалитетот, односно хранителните вредности и вкупните губитоци кои се случуваат за временска дистанца од берба до крајниот корисник - потрошувачот.
Свежиот зеленчук во најголем дел, околу 84% времено се чува традиционално во неконтролирани услови (трапови, подруми, настрешници и др.) при што се јавуваат големи загуби квалитативни, квантитативни и финансиски.
Објектите со одреден степен на контролираност на условите за чување на зеленчукот кај нас се со мал капацитет (околу 93.000t) или само 16% од свежиот зеленчук наменет за потрошувачка во свежа состојба. Последните години и перспективно сé почесто се подигаат специјализирани мали капацитети за преработка и зачување на зеленчукот. Во овој правец потребна е одредена едукација на производителите и млади стручни кадри сé со цел да се подигне значењето на процесот на чување на повисоко рамниште.

ВОВЕД

Планирањето и програмирањето на градинарското производство - призводство на зеленчук треба да е во корелација со можностите, капацитетите, за чување на зеленчуковите продукти за покус односно подолг период. Основната цел на чувањето е за временската дистанца од берба до крајниот потрошувач е да се сочува квалитетот на зеленчукот како храна од една и спречување или намалување на губитоците од друга страна.
Како резултат на несоодветното чување на зеленчукот доаѓа до висок степен на влошување на квалитетот и губитоци до 80% од масата кај некои видови зеленчуци. Оваа појава е предизвикана од повеќе фактори - надворешни и внатрешни, од природата на зеленчуковите производи.

Производство на зеленчук во Р. Македонија

Македонија е релативно мала земја со површина од 25.713 km^2 (2,57 милиони ha) и 2 милиони жители. Топографско-географските услови се специфични така што земјоделските површини изнесуваат 1.303.000ha од кои 569.000ha се обработливи (статистички годишник 2003). Како резултат на почвено-климатските услови во Македонија од аспект на градинарството дефинирани

се 4 агроклиматски подрачја во кои главно е организирано градинарското производство на површини од 57000-62000ha (просек за период од последните 10 години).
Покрај природните услови, развојот на градинарството се темели и на долгата традиција на одгледување зеленчук, умешни производители и придонесот на науката и струката во осовремувањето на технологијата на производство.

Табела 1. Структура на градинарско производство во Р. Македонија

Култура (вид)	ha	Производство (t)
Пиперка	9920	191800
Домат	9750	233300
Зелка	5150	86760
Краставица	800	105000
Кромид и лук	5100	28400
Боранија и грашок	7100	6970
Лубеница и диња	13000	156000
Морков	700	16400
Друг зеленчук	10000	124800
ВКУПНО:	61520	949430

Од вкупното производство на зеленчук, домашните потреби изнесуваат околу 180.000-200.000t. Според тоа, најголем дел од произведениот свеж зеленчук е за извоз, што укажува или уште повеќе го потенцира проблемот со чувањето на свежиот зеленчук за временската дистанца од берба до потрошувачот.

Состојба со чувањето на зеленчукот во Р. Македонија

Проблемот со чувањето на зеленчукот во Р. Македонија е присутен. Во најголем дел чувањето се врши во неконтролирани услови (трапови, подруми, навеси и сл.) при што загубите кај некои зеленчуци се големи. Примерот со чувањето на кромидот од групата на слатки сорти (аршлами) во подруми и сл. Објекти, загубите во некои години изнесуваат и до 70% предизвикани од патолошки заболувања или од физиолошка природа.
Зависно од природата на зеленчукот, од временската дистанца на чување од берба до потрошувачка, од сезоната на чување (есен, зима, пролет, лето), чувањето на зеленчук се врши на два основни начини: традиционален (нестандарден) во нејконтролирани услови и во специјални објекти со одреден степен на контролирање на условите.

Традиционално (неконтролирано) чување на зеленчукот

1. Чување во трапови. Во овој вид складишта се чуваат одредени видови на зеленчуци: морков, геревиз, цвекло, компир, пашканат и други зеленчуци. Условите за чување се под директно влијание на надворешната средина. Посебно е проблемот со контрола на температурата, водата и воздушниот

режим. При вакви услови (неконтролирани) настануваат интензивни, процеси кои доведуваат до влошување на квалитетот и големи губитоци. Но, најголемиот дел од кореновите зеленчуци се чуваат во овој вид складишта.
Во практиката кај нас се познати два вида трапови - надземни и вкопани со различни нестандардни димензии (широчина, височина/длабочина и должина).
2. Чување во подруми. Во подруми (најчесто на стелажи), се чуваат помали количини на зеленчуци, главно лукови, коренови и за кус период лиснати зеленчуци: магдонос, лиснат геревиз и сл. Условите за чување на зеленчукот во подрумите се неконтролирани со мала можност за вентилација и регулирање на воздушната влажност која често е причина за појава на непожелни процеси кои доведуваат до големи загуби кај кромидот.
При чување на кромидот во подрумски простории вкупните губитоци се различни кај одделни сорти. Кај групата арпаџици губитоците за периодот IX до VI месец се движат од 21,6-45,7% или средно 33% од складишната количина (во месец септември). Сортите од групата аршлами по природа содржат значително повеќе вода во луковиците. Вкупните губитоци за периодот на чување октомври/март кај одделни сорти се движат од 57-70% од складишната количина (Симонов Д., 1980).
Овие резултати укажуваат на проблемот губитоци (тежински и финансиски) при чување на кромидот, а слично е и со другите зеленчуци, при чување во разни неконтролирани складишта.
3. Чување на тавани. За разлика од подрумите таваните како складишта се користат главно за чување на арпаџик - кокар, и возрасни луковици од кромид (Прилог, сл. 1 и 2).
4. Чување во настрешници на стелажи се врши на кромид главици рефус при што дебелината на слојот е помеѓу 30 и 50cm. Во овие складишта се чува и кромид во вид на венци кои се прикачуваат или обесуваат на специјално направени закачалки. Настрешниците се отворени од една или повеќе страни под директно влијание на надворешните услови. Во практиката се покажуваат како добри објекти за чување на кромид (Прилог, сл. 3), но при екстремно ниски температури (- 20ºC) доаѓа до оштетување на кромидот.
5. Чување на отворено. Кај нас во одредени реони кромидот успешно се чува на отворено во вид на камари/стогови непокриени или покриени со ржана слама, а во последно време за покривање се користи агрил/агротекстил како изолатор од директни надворешни влијанија. Овој традиционален начин на чување кај нас се применува на летните аршлами кромид во реонот на Прилепско и Битолско (Прилог, сл. 4). Иако примитивен се покажува како релативно успешен начин на чување.

Специјални објекти за чување на зеленчук

Чувањето на свежиот зеленчук во специјализирани складишта со целосно или делумно контролирање на клима-режимот овозможува зачувување на квалитетот и биолошката вредност на зеленчукот како храна.
Зависно од степенот на техничката и технолошка усовршеност, специјалните објекти за чување на свеж зеленчук и овошје во Р. Македонија се со целосна

климатизација, делумна климатизација и објекти (капацитети) со неклиматизирани услови кои се користат кратковремено од берба до потрошувачка во кои главно се врши доработка и подготовка на зеленчукот за пазар или за складирање.

Табела 2. Специјални објекти (капацитети) *

Вкупно капацитети (t)	Со целосна климатизација (t)	Делумна климатизација (t)	Неклиматизирани (t)
92.700	55.460	30.240	7.400

* Студија за перформансите на преработувачката индустрија, 2006

Од вкупното производство на зеленчук (околу 900.000t) околу 60-70% или сс 600.000t е наменет за свежа потрошувачка. Оттука во специјалните објекти чиј капацитет изнесува околу 93.000t, само 16% од свежиот зеленчук може да се чува за подолг или покус период.

Развојно-перспективно, чувањето на свежиот зеленчук во контролирани капацитети треба да се гледа во релација со развојот на градинарството. Во последните години се почесто се подигаат мали капацитети за преработка на зеленчук кое неминовно повлекува истовремено и подигање на складишни капацитети за времено чување на зеленчук.

За чувањето на зеленчукот, како технолошки процес во вкупната производна технологија, развојно важна улога има едукацијата на производителите и преработувачите како и едукацијата на млади кадри од оваа област, затоа што технологијата на чување на зеленчук е сеуште недоволно позната кај нас и во поблиското опкружување.

ЛИТЕРАТУРА

Алаџајков Л. (1983). Општо градинарство. Земјоделски факултет, Скопје.

Ilić Z., Fallik E., Đurovka M., Martinovski Đ., Trajković R. (2007). Fiziologija i tehnologija čuvanja povrća i voća. Novi Sad.

Мартиновски Ѓ., Петревска Ј.К., Попсимонова Г. (2002). Доработка и контрола на зеленчук. Земјоделски факултет, Скопје.

Симонов Д. (1980). Некои морфолошки, биолошки и хемиско-технолошки својства на поважни популации кромид во Македонија. Земјоделски факултет, Скопје

STORAGE OF FRESH VEGETABLES IN R. MACEDONIA - PRESENT SITUATION AND PERSPECTIVES-

Danail Jankulovski, Gjorgji Martinovski, Zvezda Bogevska
Faculty of agricultural sciences and food, Skopje

SUMMARY

The storage of the vegetables is one of the essential iron rings in the postharvest processes. The major aim of the storage is to maintain quality of the products in regard to nutrition value and total loses that happened during the period of harvest to the last user – the consumer.

The most of the fresh vegetables about 84% are stored traditionally in not controlled conditions (pits (trenches), cellars, marquees etc.) and there for the qualitative, quantitative and financial loses are very high.

The storage facilities with controlled conditions in our country are with small capacity and only 16% of the fresh vegetables are proposed for consumption of fresh produce. The last years are built very often specialized small capacities for processing and storage of the vegetables. In this direction there is a big education necessitate of producers and young skilled people to bring up the importance of the storage process on high level.

ПРИЛОГ

Слика 1. Чување кромид на таван

Слика 2. Складирање кромид на таван

Слика 3. Чување на кромид во настрешници - на стелажи



Слика 4. Чување на кромид на отворено

СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВА ВО ОБЛАСТА НА ЧУВАЊЕТО НА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК, ОВОШЈЕ И ГРОЗЈЕ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Нецада Косовиќ[1], Елведин Чокаловиќ[1], Смиљка Вукашиновиќ[2], Лутвија Кариќ[2], Изудин Коклиќ[3], Фикрет Бехмен[2], Сејо Бечиревиќ[4]

[1] Земјоделски факултет, Универзитет Џемал Биједиќ, Мостар
[2] Земјоделско-прехранбен факултет, Сараево
[3] Здружение Боспер, Тузла
[4] Завод за земјоделство Бутмир, Сараево

ВОВЕД

Благодарејќи на различната клима и релјеф, Босна и Херцеговина има поволни услови за производство на зеленчук, овошје и грозје.
Врз основа на официјални податоци (2003), Федерацијата БиХ располага со околу 1,161 илјади ha вкупна земјоделска површина. На обработливи површини отпаѓаат 717 илјади ha или 61,7%, на пасишта 441 илјада ha или 38,0 %, додека на површините под бари и останато отпаѓаат 3000 ha или 0,3% ;
Од обработливите површини 717 илјади ha, ораници има околу 416 000 ha или (58%), расадници за овошје 41 илјада ha (5,7%), лозја 3000 ha (0,4%), како и природни ливади 257 илјада ha (35,9%). Денес, околу 50% од обработливите површини не се обработуваат.
Војната ја дочека БиХ со изградени системи за наводнување за 10.250 ha земјоделска површина како и производство на околу 70 000 ha наводнувани и 30 000 ha комасирано земјиште. Според оценките, сега наводнуваните површини се сведени на околу 8 000 ha, што процентуално заостанува за 10 со 15 пати од повеќето земји во Европа.
Сеуште дел од земјоделските површини (околу 250 илјади ha) не се деминирани, па поради тоа се исклучени од користење.
Земјоделското производство, како и пороизводството на зеленчук, овошје и грозје, уште го нема достигнато нивото од предвојната, бидејќи повеќето капацитети за чување на свежи производи, складишта, ладни комори се срушени во текот на војната, а оние што се останати и новоизградени капацитети се недоволно искористени или случат за други цели. Враќањето на иселените во своите огништа посебно во руралните средини е со успорена динамика што директно се одразува и на развојот на земјоделството. Од друга стана пак на оние кои се имаат вратено главно им останува само земјоделството како извор за егзистенција.
Меѓународната заедница, во сагласност со етничката власт одлучи да даде предност во обновувањето на земјоделството.
Земјоделството на БиХ го помогнаа и го помагаат многу хуманитарни организации, така што денес имаме нови површини со расадници, обновени лозја, нови површини со пластеници, а и обнова на објекти за чување и преработка на тие производи. Ова сеуште не ги покрива домашните потреби, па земјоделско-прехранбениот сектор во вкупниот увоз учествува со 21 %, а во извозот со 7,4 % (2003).

ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕЛЕНЧУК, ОВОШЈЕ И ГРОЗЈЕ ВО ФБИХ (ФЕДЕРАЦИЈА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА)

Според податоците на Федералниот завод за статистика во ФБиХ во 2005 год. зеленчукот бил застапен на околу 40 000 ha, овошјето на околу 40 000 ha и грозјето на околу 3 500 ha.

Сегашното производство на зеленчук и овошје е помало е за 40-60 % во однос на 1991 год. Во текот на војната најголеми штети претрпеа расадниците за овошје и грозје. Посебно во Херцеговина настрадаа лозовите насади од 5324 ha, колку што беа во 1990 год. Денеска има останато 2628 ha или 49% (според други извори лозови насади во БиХ има на околу 38 000 ha). Во последните години во Херцеговина започна обновување на лозовите насади од стотина видови, кое изнесува околу 80 ha.

Пред војната на подрачјето на ФБиХ се одглеувале 7723000 стебла од сливи, а приносите изнесувале 13,3 kg/ стебло, што вкупно изнесувало 96578 тони свежи сливи годишно. Денес тоа производство е помало и изнесува 2890000 стебла, производството е намалено, а приносите преполовени. За ваквата состојба не допринесе само војната туку и болестите, шарката на сливите, која ги десеткува насадите, а обновените споро напредуваат. Сливата е многу значајна за ФБиХ затоа што пред војната како свежа така и сушена, замрзната, преработена како компот, мармалад, ракија и др. се извезуваше во земјите од Европа, Канада и Америка. Во последниве години се подигнуваат нови насади од јаболка, посебно во Поткозајре, а оваа година се очекува плод од преку 20000 тони. Следната година се очекува род да дадат нови насади , а производствотот да се зголеми на 50 000 t јаболка. Производството се пласира на домашен пазар и во Италија, Словенија и Русија.

Табела 1. Структура на производството на зеленчук и овошје во ФбиХ во 2005 год.

Култура	Број на хектари	Број на стебла	Вкупно Производството во t	Принос-просек	
				t/ha	kg/стебло
Компир	24148	-	235609	9,8	-
Грав	5065	-	7046	1,4	-
Кромид	3164	-	23650	7,5	-
Зелка	3906	-	52560	13,5	-
Домат	1925	-	15288	7,9	-
Пиперка	1446	-	13610	9,4	-
Вкупно:	**39654**	-	**347763**		
Јаболка	-	1544878	17792	-	11,5
Круши	-	861750	8162	-	9,5
Сливи	-	4831757	28514	-	5,9
Праски	-	387656	5640	-	14,5
Ореви	-	295503	2374	-	8,0
Цреши	-	376218	4015	-	10,7
Вишни	-	129268	1089	-	8,4
Кајсии	-	46351	331	-	7,1
Вкупно:	-	**8473381**	**67917**		
Грозје			20813	-	

Извор: Статистички билтен, 87, Федерален завод за Статистика, Сараево

Покрај наведените видови овошје во ФБиХ во последниве години расте производството на јагодесто овошје посебно на јагодата, малината, капината, а постои интерес за производство на боровнки и рибизла. Статистиката не ги бележи податоци за производството на овие култури, но врз база на склучените договори помеѓу сараевскиот "КЛАС" и производителите во БиХ (вкупно со нив 600), подигнати се околу 300 ha јагодесто овошје. Во Херцеговина, јагодите се одгледуваат на околу 30 ha (проценка). Пред војната површините под јагодасто овошје во БиХ се движеле од 600 до 700 ha, а 20 % од вкупното производство се извезува воглавно како смрзнат производ.

Кога е во прашање производството на зеленчук, во текот на војната уништени беа стаклениците, пластениците во кои се произведуваше ран и зимски зеленчук. Обновата на пластениците брзо напредуваше и денес се смета дека во ФБиХ има околу 500 ha. Бидејќи прозводтсвото во заштитени простори е една од најпрофитабилните гранки, донаторите беа мотивирани да го стимулираат ова производство, посебно во повторно населените населбите.

Најголеми површини под пластеници се наоѓаат во Херцеговина, но ова производство се шири и во другите климатски зони во БиХ, така што производството на зеленчук од овие објекти имаме во текот на целата година. Се претпоставува дека производство изнесува околу 25-40 000 тони годишно.
Домашното призводство на храна ги подмирува потребите со 35-40%, а во периодот пред војната тоа изнесуваше 60 %. Компирот пред војната беше единствена култура која ги задоволуваше домашните потреби, а тоа е случај и денес. Увозот на зеленчук и овошје во нашата земја се одвива во текот на целата година, така што има периоди кога домашното производство може да ги задоволи потребите (главна во сезоната на созревање).

ТЕКОВНИ ПОСТАПКИ НА ЗЕЛЕНЧУКОТ И ОВОШЈЕТО ОД БЕРБАТА ДО ПОТРОШУВАЧИТЕ

Производството на зеленчук и овосшје во БиХ има долга традиција. Производството во главно е на мали земјишни парцели, со недостаток на модерни производствени технологии, без организирана стручна служба и на ниско ниво на организираност. Се произведува воглавно за свежо на зелен пазар, а најголемите количини се пласираат по патот до зелениот пазар. Дел од производството околу 20-24% го откупуваат супермаркетите (конзум, меркатор, интерец, вф комерц, меркур и др.), додека најголемиот дел го откупуваат трговците на големо и задругите. Помал дел се договараат со преработувачите како што се вегафрут боснапродукт, витаминка и др. Производители директно ја продаваат својата роба на зелениот пазар, додека оние кои не можат, својата роба ја нудат на трговците, кои потоа ја препродаваат на зелените пазари или ги снабдуваат продавниците и супермаркетите. Во БиХ постојат неколку пазари на големо кои откупуват свежо овошје и зеленчук. Во Херцеговина постои еден пазар на големо лоциран во Чапљина кој го снабдуваат најмногу ситните производители, додека крупните производители својата роба директно ја пласираат во поголемите производни центри, Сараево, Зеница, Тузла, Бања Лука, после на големопродажниот пазар "Аризона", кој е лоциран во подрачјето на дистрикт Брчко и на големиот пазарен центар на земјоделски производи, кванташкиот пазар во Бјелина. Исто така и Тузла како поголем центар, има свој Пазар на големо, како и помали зелени пазари. Секое гратче во подрачјето на ФБиХ има барем по еден зелен пазар. Тоа покажува дека постојат реални перспективи за пласман на земјоделските производи, а посебно на зеленчукот.
Големо продажниот пазар "Аризона" претставува голем конкурент на домашното производство на зеленчук во делот на пласманот и нелојалната конкуренција. На пример, големи количини на зеленчук и овошје доаѓаат од многу краеви на Европа и Светото по прилично пониски цени, благодарение на субвенциите и извозните поттикнувања во нивните земји што во сезона на созревање на нашиот зеленчук прави голема конкуренција, често и нелојална. Тоа дополнително ја отежнува состојбата во областа на градинарското производство. Тешко е да се даде реална проценка на сите количини на зеленчук, па и на овошјето кои дневно се во промет на пазарот "Аризона", но се претпоставува дека во сезоната се продаваат дневно десет шлепери на зеленчук без лубеници и компир, што претставува импозантна количина од 200 t дневно за само еден дел од пазарот во БиХ.
Се на се производот до потрошувачите поминува низ неколку раце, претрпува неколку пати утовар и претовар што влијае на неговиот квалитет и времето на чување. Праксата покажала дека нашиот човек повеќе сака да купува на зелен пазар и свежа роба отколку во супермаркетите. За тоа има повеќе причини. Супермаркетите заостануваат зад меѓународната пракса, посебно во изнесувањето и маркетингот на свежото овошје и зеленчук, што вклучува:

- За презентација не се користат полици за ладење.
- Свежината на овошјето и зеленчукот не се одржува со повремено прскање со вода.

- Нема огледало позади робата за да можат потрошувачите да је видат робата од повеќе агли.
- Овошјето и зеленчукот во многу продавници не е сортиран и категоризиран.
- Нема разлика во цените ако се изложува иста роба.
- Нема потекло ни име на производителот на робата.

Производителите и преработувачите на зеленчук и овошје според ова имаат три опции за продажба на својата роба:
1. Зелените пазари, 2. Задруги, 3. Пазарите на големо и големопродажните центри. Поради економската состојба каква што е во БиХ, производителите најповеќе сакаат да ги продаваат своите производи на продавачите на зелените пазари или на трговците затоа што ова е наједноставен пат да дојдат до "кеш во рацете".

ЧУВАЊЕ НА ОВОШЈЕТО И ЗЕЛЕНЧУКОТ - КАПАЦИТЕТИ

Праксата покажува дека производителите на раното овошје и зеленчук настојуваат производот веднаш после бербата или следниот ден да го изнесат на пазар или да го продадат на откупните станици или трговци, како и на големопродажните пазари, преку кои производот пристигнува на пазарот. Слично е со касното и зимското производство. Ретки се производите кои се чуваат подолго време како што се компирот, морковот, кромидот од овошјето јаболката и крушата. Најголем број на производители на споменатите производи немаат специјализирани објекти за чување и најчесто практикуваат чување во трапови, подруми, тавани и сл. Последниве години овоштарите од БиХ изградија повеќе ладилници (реон северна Босна) за да можат да ги продаваат своите производи во текот на зимата и пролета. На тој начин заработката двојно се зголемува, а овоштарството стана многу рентабилно.

Состојба на капацитетите за ладење во подрачјето на ФБиХ

БиХ како бивша република во рамките на Југославија беше на последното место по изградбата на ладни капацитети мерено по просторни метри на 100000 жители. Во 1991 год. имаше 49 900 t капацитети за ладење распоредени во 18 стопански субјекти кои во целост ги подмируваа тогашните потреби.
Во ФБиХ сега има 13 700 t капацитети за ладење распоредени во 5 стопански субјекти и 6 комунални ладилници. Што се однесува до останатите простории за сместување поголемиот дел од 2229 t го сочинуваат ѕидани складишта и 214 000 t силоси. Сите овие во минатото се направени како "големи објекти за големи урбани средини".
Нив денес ги заменуваат нови помали капацитети со усовршен информациски систем за следење на пазарот како и ефикасни разладни транспортни средства за снабдување на трговците и нивните складишта. Моментално во ФБиХ, постојат 11 субјекти кои поседуваат разладна опрема. Од нив 5 припаѓаат на поединечни фирми од преработувачка индустрија на зеленчуки и овошје, а 6 со статус на комунални ладилници. Нивниот вкупен капацитет е 13700 t и на нив би се требало да се додадат голем број на мали ладилници-комори чии сопственици се трговците на големо и производителите на овошје за кои не постојат податоци за капацитетот.
Од 1991 год. па до денес разладните капацитети дистрибутивно складишни и производствено складишни, значајно се зголемени во цела Европа вклучувајќи ги и новоформираните држави од поранешните југословенски републики. Во тој поглед БиХ е сигурно исклучок, а состојбата во ФБиХ е неповолна во односот на подрачјето на Република Српска.

Табела 2. Разладно-складишни капацитети во ФБиХ

Р.бр.	Место	Сопственик	Капацитет во t	t º режим и намена
1.	Сараево	„Клас“ д.о.о	1000	0/-20°C за складирање на смрзнато овошје
2.	Градачац	„Босна продукт“	2100	0/-2°C за смрзнато овошје и зеленчук
3.	Челиќ	„Фригос“	5500	0/-20°C за смрзнат блок каса на овошје и зеленчук
4.	Велика Кладуша	„Агрокомерц“	4000	За потреби на преработувачката индустрија
5.	Чапљина	-	2000	За овошје и зеленчук
6.	Читлук	„Ледо“	1500	За програмата на смрзнати производи “Ледо”
7.	Љубушки	„Тргокоп“	700	За овошје и зеленчук
8.	Љубушки	-	2000	За овошје и зеленчук
9.	Челиќ	„Прва бразда“	100	За овошје
10.	Лукавац-Кртова	Земјоделска задруга	100	За овошје
	В К У П Н О:		19000	

Извор: Федерален завод за земјоделство Сараево.

Освен “Клас”-овите ладилници во Сараево од околу 1000 t складишни капацитети, и ладилниците во Чапљина и Читлук (ледо), не е изграден ниту еден значаен современ капацитет за ладење. Во меѓувреме некои разладно дустрибутивни и расладно складишни капацитети како што се: сараевска тржница, повеќекатната ладилница ПТК-а во Сраево и ладилникот во Бихаќ се вон функција или се срушени за да отстапат место на објектите за друга намена. Постои разладен капацитет во рамките на индустријата за преработка на месо и млеко, наменети само за потребите на сопствената преработувачка програма. Тоа значи дека сегашната состојба на разладните капацитети на подрачјето на ФБиХ е полоша од пред 15 години. Во табелата 2 прикажани се разладно-складишните капацитети во ФБиХ.

ИДНИНА

Босна и Херцеговина очекува, како и останатите земји од регионот, влез во ЕУ, со што се отвараат вратите на пазарите во Европските земји. Сигурно е дека треба најнапред да се направат промени најнапред во нашите глави, а дури потоа во пристапот на техниката и технологијата за поголема конкурентност на европскиот или друг пазар.

Потребно е да се направат големи промени од производството на овошје и зеленчук до пазарот се со цел да се овозможи правило чување и складирање на призводите после бербата, во модерна амбалажа, сортирани по квалитет, со декларација на која се наведени податоците за квалитетот и потеклото.

Потребна е долгорочна планска изградба на разладни капацитети во прв ред за потребите со континуирано снабдување на потрошувачите во поголемите центри - Сараево, Тузла, Зеница, Мостар и т.н со поддршка од одговорните во федерацијата. Стратегијата за развој на земјодеслко-прехранбената индустрија за ФБиХ, од 2006-2010 година го предвиди следното (пренесено од документи):

5.1. Модернизација на пазарните инфраструктури

Дистрибуцијата на земјоделските и прехранбените производи потребно е да се изведува по различни и квалитетни канали на пласман без кои нема пристап до пазарот ниту реализација на стопанската политика.

Во основа се работи за ефикасна пазарна инфраструктура, која би ги подмирила многу сложените маркетингшски потреби на секторите и донесе:

- квалитетен и заокружен систем на ”земјоделска” трговија, и

- негов внатрешен и граничен надзор.

Таквата инфраструктура, ФБиХ /БиХ само делумно ја поседува, значи треба да се заокружи. Таа би требала да се воспостави во сите хоризонтални и вертикални сегменти на секторот:

- ❖ владини и невладини институци
- ❖ маркетинг на земјоделски задруги
- ❖ здружени работни маркетинг центри
- ❖ работни општи и специјализирани асоцијации на земјоделските производители
- ❖ модерна и конкурентна преработувачка индустрија
- ❖ трговија со нејзините конвенционални субјекти
- ❖ трговија со специјализирани - претпријатиски (договори, доработка, пакување, пласман) субјекти
- ❖ трговија со акции на брза
- ❖ саемски институции и промотивни манифестации
- ❖ систем на пазари на големо за локален и регионален пласман
- ❖ систем на складишта со амбиентални услови за чување на производот
- ❖ систем за ладење на овошје и зеленчук
- ❖ локални зелени пазари
- ❖ локални сточни пазари и слично.

Функционирањето на претставениот пазарен систем треба да биде во широк домен на државната легислатива, како и стручно пратење на квалитетот на производите, и надгледување (надзор) на јаки инспекциски служби.

Резултатите на претставениот систем би требало да се изкажат во стабилни и високи количински контингенти на примарни и преработени земјоделски производи, врз нивен ефикасен пласман на домашниот и надворешниот пазар. Со тоа системот треба да се поддржува во воспоставување и постојано унапредување на производно-дистрибутерските и потрошувачки ланци на сите учесници, кои треба да се базираат на;

- *воведување на модерни транспортни средства и*
- *изградба на саобраќајница што е од локално, регионално и национално значење.*

Целиот систем треба да биде покриен односно сервисиран благовремено и ефикасно со информации со сите релевантни случувања на земјоделско прехранбените пазари во земјата и надвор од неа. Тоа треба да се постигне со воспоставување на вкупен пазарен информациски систем (тис) на ниво на земјата и во неговите рамки информациски систем за земјоделски и прехранбени призводи (пис).

Би било навистина добро доколку оваа стратегија нема да остане само мртва буква на хартија. Останува да се надеваме дека во потполност ќе се реализира.

ЛИТЕРАТУРА:

Federalno ministarstvo poljoprivrede, vodoprivrede i šumarstva, (2006): Srednjoročna strategija razvoja poljoprivrednog sektora u Federaciji BiH (2006 – 2010). Sarajevo

Federalnog zavoda za statistiku, (2006): Statistički bilten, 87, Sarajevo

Federalni zavod za poljoprivredu, (2007): Rashladno – skladišni kapaciteti u FBiH, Sarajevo

Klokić, I., (2007): Berba , pakovanje, čuvanje i transport povrća. Poljoprivredni fakultet, Sarajevo.

Kosović N., Vukašinović S., (2002): Povrtlarska proizvodnja u BiH, Znanstveni skup «Agrar na pragu trečeg milenija», Neum.

Ministarstvo poljoprivrede Republike Srpske, (2006): Strategija razvoja poljoprivrede Republike Srpske do 2015 godine. Banja Luka

USAID BiH, LAMP i ARD RAISE, (2004): Tržišni profil i izvještaj o konkurentnosti. Podsektori: Svježe povrće, Jagodičasto voće i Svježe voće

USAID-LAMP, (2005): Istraživanje tržišta supermarketa Banja Luke.

Vukmirović, N., (2004): Poljoprivredno tržište u BiH. Projekat GCP/BiH/oo2/ITA. Banja Luka.

PRESENT STATE AND PERSPECTIVE OF FRESH VEGETABLE AND FRUIT STORAGE IN REPUBLIKA SRPSKA

Mile Dardić, Sretenka Srdić, Boris Pašalić, Vida Todorović
Faculty of Agricultur, Banja Luka, RS Bosnia and Herzegovina

SUMMARY

In this work is given an overview of vegetable and fruit production and storage in Republika Srpska (RS). It was analyse vegetable and fruit production through its production areas and fruit trees, yields and raw material procesing as well as cold storage capacities in RS.
Analyses showed that from 29.000 tons of installed cold storage capacities only 5.8% of the total vegetable and friut production could be stored. Regarding that in RS should be installed more cold storages in order to satisfy the real need of agriculture production and to supply domestic market with the fresh vegetables and fruits.
Key words: overview, cold storage, fruit tree, raw material

INTRODUCTION

Food safety begins in the field, and should be of special concern, since a number of outbreaks of foodborne illnesses have been traced to contamination of produce in the field. Produce that has been stressed by too much or too little water, high rates of nitrogen, or mechanical injury (scrapes, bruises, abrasions) is particularly susceptible to postharvest diseases. *(Janet Bachmann and Richard Earles, 2000)* Different kind of vegetables and fruits have different resistance on storage conditions and regarding that some of them have longer shelf life then the other varieties.
Vegetable and fruit quality cannot be improved after harvest, only maintained. Therefore it is important to harvest fruits and vegetables at the proper stage and size and at peak quality. *(Janet Bachmann and Richard Earles, 2000)*
Fruits that will be stored should be harvested at optimum maturity, because storage life may be reduced if they are immature or overmature.*(Wilson, L.G., M.D. Boyette, and E.A. Estes. 1995)* In order to overcome problems, harvest should be completed during the coolest time of the day, which is usually in the early morning, and produce should be kept shaded in the field. *(Dardić, M., Govedarica-Lučić Aleksandra, 2007)*
Fresh fruits and vegetables may be infected with various pathogens which are not visible prior to storage but will cause decay and rot during storage and transportation. The amount of developing infection should be determined prior to storage, by examining samples for cuts, severe bruises, and rotting tissue. Only lots that are free of infection should be considered for long-term storage, because damaged and decaying products can infect those that are sound and may possibly result in losses of entire lots. *(Wilson, L.G., M.D. Boyette, and E.A. Estes. 1995)*
Deterioration of fresh fruits and vegetables can result from physiological breakdown due to natural ripening processes, water loss, temperature injury, physical damage, or invasion by microorganisms. All of these factors can interact, and all are influenced by temperature. *(Janet Bachmann and Richard Earles, 2000)*

Production areas and yield of vegetable and fruit in Republika Srpska

Republika Srpska as a part of Bosnia and Herzegovina has a significant role in vegetable and fruit production. In Figure 1. is shown land use distribution in Bosnia and Herzegovina where we can see that the northern part is involved in crops growing as well as tree crops, horticulture and vineyards production. Regarding that, northern part of Bosnia and Herzegovina represents the most important agricultural region.



Figure 1. Land use in Bosnia and Herzegovina
Source: internet www.lib.utexas.edu/maps/bosnia/bosnia_landuse.jpg

According to FAOSTAT 2003 source Republika Srpska has 2.148.000 ha of agricultural land from which 46.7% (1.004.000 ha) is arable land. Dominant crops in Republika Srpska that are giving the highest yields are different kind of vegetables and field crops as wheat and corn.

Генерално пораното производство обезбедува повисока цена на пазарот и најчесто има побогат род, меѓутоа таквите продуктите не се погодни за чување. Денеска на проблематиката на послебербената физиологија и технологија се посветува исклучително внимание со основна цел да се постигне што е можно помала промена во чуваните производи и поголема економичност на постапката чуавање. Притоа сеуште доминираат истражувањата на различните начини на чување, а се помалку на истражувањата за применетата агротехника. Првите истражувања за послебербената физиологија на чување на свежите произведи се изведени во Англија, каде било изучувано влијанието на составот на воздухот.

Нешто подоцна се започнати опширни истражувања поврзани со биохемиските промени и отпорноста на болести за време на складирањето. Во овие истажувања (СССР) учествувале голем број на автори (*Корес, 1986*). Први сериозни научни истражувања за агробиолошките фактори објавени се кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на минатиот век во Германија. Познати се трудовите на *Groshner (1968*)*, *Bottschera (1971*)* и *Osterloa (1975*)*, кои го изучувале влијанието на поедини агротехнички мерки на способноста на чување на свежите продукти.
Скоро во исто време во Полска се објавени трудови кои укажуваат на значењето на сортите (*Kepkowa, 1970**) како и на потребата од обезбедување на добри производни услови (*Adamicki*, *1972**; *Sipien, 1972**) цитати (*) преземени од *Корес К.*, *1986*.
Секоја агротехничка мерка претставува во извесна смисла лимитирачки фактор во формирањето на приносот и квалитетот, но притоа секогаш се истакнува и значењето на производната година, односно климатските фактори. Во врска со примената на агротехниката сепак постојат одредени мерки кои во поголема мерка влијаат на квалитетот на свежите производи, како што се: изборот на сортата, ѓубрењето, наводнувањето, времето на производство, примената на заштитата и времето и начинот на берба.

Влијание на климатските фактори

Неоспорно е дека **климатските фактори** битно влијаат на квалитетот на чувањето. Се смета дека во влажна и студена година, продуктите се помалку погодни за чување. Тоа го потврдуваат и најновите истражувања спроведени во Германија 1990-2005 год. Овие испитувања покажаа дека во колку кромидот се развивал во неповолни временски услови, созревањето на луковицата било неквалитетно и условило лошо чување дури во ULO-ладилници (*Praeger и Bufler, 2007*). Имено, во дождливата 2002 год. луковиците на некои сорти (Kopra) не созреале нормално, вратот останал отворен, што најнапред предизвикало промена во бојата на сочните листови. Кај некои други сорти кои се испитувале оваа појава (потемнување) не била забележана, но затоа пак проникнувањето многу брзо започнало. За разлика од дождливата 2002 год., луковиците од истата сорта, во екстремно сушната 2003 год. формирале нормално затворен врат, што претставува еден од основните услови за добро чување. Меѓутоа, спротивно на очекувањето кај овие луковици проникнувањето било приметено многу порано во споредба со луковиците од влажната година. Овие противречни показатели упатуваат на заклучокот дека влажноста не е единствен фактор кој ја одредува способноста за чување, туку комплексот климатски фактори. Притоа, нивното влијание е поврзано, односно во одредена мерка ограничено од применетата агротехника.
Климатските фактори посебно температурата и интензитетот на светлината имаа големо влијание на нутритивниот квалитет на овошјето и зеленчукот. Локацијата и временската сезона во која растенијата растат може да влијаат на содржината на аскорбинската киселина, каротенот,

рибофлавинот и тиаминот. Светлината е најважен климатски фактор во одредувањето на содржината на аскорбинската киселина во растителното ткиво. Влијанието на директното сончево зрачење за време на вегетацијата на некои делови на плодовите, на пример кај дињата може да предизвика зголемена осетливост на повреди од ниски температури (*chilling injury*) за време на чувањето. Ова посебно е изразено за време на летната сезона на бербата и кај осетливите сорти. Плодовите на дињата кои делумно или потполно се заштитени од сонце се помалку осетливи на повреди од ниски температури - *chilling injury* подоцна за време на чувањето (*Krarup и Gonzales, 2005*). Растот и развојот кај кромидот е условен од комплексот на еколошки услови. Притоа, должината на денот во корелација со односот на црвени и инфрацрвени зраци, интензитетот на зрачењето го условуваат и усмеруваат процесот на растење и развој на кромидот.

Влијание на агротехничките фактори

Агротехнички фактори: Типот на почвата, покривањето (мулчирањето), наводнувањето и ѓубрењето влијаат на обезбедувањето на растенијата со вода и хранливи материи, што може да влијае на нутритивниот состав на собраните растителни делови. Неквалитетната подготовка на почвата како и на почвата на која лесно се создава ледена покорица се успорува никнењето и иницијалниот пораст што доведува до продолжување на вегетацијата, што во наши услови доведува до касни зарази (пламеница, луковата мува), но исто така го оневозможува формирањето и поминувањето во фаза на мирување (поради краткиот ден и ниските температури). Ова се должи на насобирањето на вода во луковиците на кромидот, поради што во текот на чувањето поголеми се губитоците и пократок е периодот на мирување (*Lazic, B., 1970*).

Значењето на **плодоредот** многу често се занемарува иако е од исклучителна важност. Во денешно време во производството на зеленчуци доминираат специјализирани произведувачи, кои применуваат интензивна технологија, а во сеидбената структурата имаа исклучиво зеленчук. Тоа значи дека на исти површини многу често се менуваат видовите кои ги напаѓаат исти болести и штетници, што од една страна бара многу заштита, која доведува до изразена контаминација на почвата. Во екстремни случаи, посебно при честа зстапеност на луковиот и кореновиот зеленчук се јавуваат нематоди кои создаваат големи проблеми за понатамошно производство. За да се спречи или барем малку намали оваа појава се препорачува за време на бербата, заболените и оштетените плодови или делови од растенијата одвоено да се приберат и однесат од производната парцела.

Влијанието на **ѓубрењето** на содржината на витамини е помалку значајно отколку изборот на сортите и влијанието на климатските услови, но ѓубрењето во голема мерка влијае на содржината на минерални материи. Зголемената снабденост со азот и/или фосфор на цитрусовите овошки резултира со нешто пониска киселост и помала содржина на витамин С во плодовите, додека при ѓубрење со поголеми дози на калиум доведува до зголемување на киселоста и содржината на витамин С. Плодовите со голема содржина на азот имаат висок интензитет на дишење и исто така

зголемена продукција на етилен кој го забрзува пропаѓањето (*Sharples, 1985*). При прогнозирањето на успешноста на чувањето односот на N и Ca се потврдува како добар индикатор. Добриот квалитет при чувањето е поврзан со односот N/Ca кој би требало да биде околу 10 (*Marcelle, 1995*). Третманот со 0,5% раствор од калциум во форма на $CaCl_2$ и 1% раствор на $Ca(NO_3)_2$ во количина од 660l/ha во текот на вегетација на насад од јаболка доведува односот на N/Ca после бербата да биде помеѓу 11 и 30. Третирањето со калциум значајно го зголемува односот N/Ca, и за препорака е употребата на калциум хлорид (*Moor et all., 2005*). Апликацијата на $CaCl_2$ во вид на спреј за време на интензивниот пораст го намалува нивото на површински прегори кај плодовите на јаболка. Третманите со калциум влијаат на зголемена содржина на калциум во плодовите од јаболка, но не влијаат на односот шеќери/киселини кои често се употребуваат како битен параметар во одредување на вкусот на јаболкото. Со апликација на соли од калциум во вид на $CaCl_2$ и CaO четири месеци пред бербата влијаат на смалување на губитоците кај плодовите од кивито, цврстината на плодовите и процесите на зреење. Калциумот влијае на внатреклеточните и вонклеточните процеси кои го успоруваат зреењето со мала промена во бојата, омекнувањето, продукцијата на јаглерод диоксид и етилен, го зголемува шеќерот и ја намалува вкупната содржина на киселини. Кај некои сорти на јаболка (Braebura) со изразена текстура и кисел вкус поради ниската содржина на калциум постои осетливост на физиолошки промени, првенствено создавањето на брашнавост на плодовите, внатрешна дезинтеграција и **горчливи пеги**. Примената на калиум метасулфит (KMC) позитивно влијае на одржувањето на влажноста, содржината на редуктивните и нередуктивните шеќери и аскорбинската киселина за време на чувањето на кромидот (*Raj Dev et all., 2006*).

Примената на калциумот пред бербата на црешовидниот домат влијае на намалување на пукањето (*cracking*) на плодовите за време на чувањето.

Преобемното ѓубрење со азот посебно касното прихранување со наводнување или за време на подолг должлив период ја продолжува вегетацијата кај кромидот кој поради неговите биолошки својства се одразува неповолно. Физиолошката зрелост (формирањето на никулци и затворени сочни листови) настрапува пред потполното сушење на зелените листови.

Ниски дози на азот, рационалното обезбедување на растенијата со вода и навремена берба, обезбедуваат подобра отпорност на проникнување за време на чувањето на луковиците. Со примена на овие методи може да се избегне употребата на ретарданти на порастот како што е хидразид малеинска киселина (MH), *Gravens and Sorensen*, *(2004)*.

Минералната исхрана односно ѓубрењето освен што влијае на зголемувањето на приносот кај кореновиот и лиснатиот зеленчук доведува до насобирање на некои непожелни материи како што се нитратите и нитритите. На нивното насобирање покрај количината и обликот на азотни ѓубрива влијание имаат и еколошките услови и сортната специфичност. Затоа е важно зеленчукот кој се чува да има што помала содржина на нитрити, бидејќи се зголемува нивното ниво за време на чувањето. Така, после тримесечното чување на цвеклото во зависност од

почетното ниво на нитрати во коренот, доаѓа до зголемување на нивната содржина која се движи од 1 до 56%, како резултат на оксидација на соединенијата на азотот од страна на микроорганизмите кои се наоѓаат на површината на коренот (*Ilic Z., 1993*).

Значењето на времето на производство и изборот на сортите

Времето на сеидба влијае на лисната маса и должината на периодот на формирање на луковиците, значи и на физиолошката зрелост на луковиците, а со тоа и на квалитетот на чување.
При едногодишно производство на кромидот (директна сеидба) формирањето на приносот и квалитетот на луковиците е условено од сеидбата во оптималниот агротехнички рок. Тоа всушност подразбира што порана сеидба со цел растенијата во фаза на формирање на луковиците (долг ден и повисоки температури) да имаат формирано поголем број и поголема маса на листовите.
Должината и квалитетот на чување се ***сортни специфичности***. Денес се смета дека мирувањето на луковиците го контролираат инхибиторите на пораст кои се формираат во листот, а се концентрираат во никулецот. Во луковиците како и во семето кое мирува висока е содржината на глутамил пептидите за кои се смета дека претставува еден од факторите на мирување. Истовремено се претпоставува дека цитокинините имаат примарно значење во будењето на никулците (*Rabinowitch и сор., 1990*). За време на чувањето доаѓа до промена во биохемискиот состав на луковиците (*Ѓуровка М. и сор. 1998*), се намалува содржината на дисахариди, се зголемува глукозата и ароматичните сулфурни соединенија и се издвојува топлина и CO_2. Многу автори наведуваат дека високата содржина на суви материи и схароза ја сочинуваат основата за долгото чување. Меѓутоа, нашите резултати (*Lazic i sor., 1983*) покажуваат многу низок коефициент на корелација помеѓу содржината на сува материја, шеќер и сахароза на губитоците за време на чувањето, што говори дека ова не се најбитните фактори на чувањето. *Lazic и сор., 1981* укажуваат дека кај сортите со помалку сува материја основните губитоци настануваат со проникнувањето за разлика од сортите кои се добро чувани каде губитоците се резултат на испарување на водата односно намалување на масата. Интензитетот на проникнување е поврзан со мирувањето на никулците. Различното однесување на сортите е утврдено дека е поврзано со стабилноста на режимот на чување, односно со осцилацијата на содржината на O_2 и CO_2. Така кај некои сорти варирањето на концентрацијата на кислородот помеѓу 1% и 2% го забрзува проникнувањето додека при стабилна концентрација од 1% проникнувањето отсуствувало (*Praeger и Bufler, 2007*).

Употреба на хемиски средства

Употребата на ***хемиски препарати*** во земјоделското производство како што се пестициди и регулатори на пораст, немаат директно влијание на хемискиот состав на плодовите, но може индиректно да влијае на

делумното успорување или забрзаното зреење на плодовите, што е значајно за чувањето.
Примената на биорегулатори како што е гиберелинската киселина - GA (25ppm) во вид на спреј за време на вегетацијата обезбедува најголема содржина на вкупно растворливи материи TSS (Total Soluble Solids) од 13,3% кај сортата кромид Pusa Red во услови на Индија. Интензитетот на губитоците во маса и процентот на проникнатите луковици за време на чувањето е најнизок со примена на NAA (50ppm), *Tiwari et ал., 2003*. **Слично со употребата на гибералинската киселина (25ppm) на 1-2 часа пред бербата на младиот кромид, лук, праз и зимскиот кромид** доведува до успорување на губитоците на хлорофил, се намалува интензитетот на дишење и продукцијата на етилен, како и појавата на болести за време на чувањето (*Aharoni et al., 1996*).
Со цел да се намали проникнувањето за време на чувањето на луковиците се применува апликација на ретарданти на порастот во текот на вегетацијата како што е хидразид малеинска киселина - MH. Fazor е комерцијален препарат кој содржи MH кој се применува при крај на вегетацијата во доза од 4l/ha (*Ilic et al., 2002*). Royal е препарат чија активна материја исто така е MH и се применува на 10-14 дена пред вадењето на луковиците, на почетокот на полегнување на стеблата, во количини од 12,5l/ha.
Безбеден фактор претставува природното присуство на токсиканти во некои продукти (како што се гликоалкалоидите кај компирот) кој е различен кај поедини генотипови, а нивната содржина со селекцијата може да се усмерува и одржува во безбедни граници.
Загадувачите како што се хемиските резидуи и тешки метали, мора постојано да се пратат и регистрираат бидејќи е забележана зголемена отпорност на растенијата на нивната содржина како и утврдување на нивните максимално дозволени количин - МДК во зеленчукот и овошјето.
Здраствено-хигиенските мерки за време на бербата и непосредно после неа, имаат за цел да се намали микробиолошката контаминација. Со превентивните мерки се намалува можноста за пораст и развој на габите кои произведуваат микотоксини.
Физиолошките промени во зеленчукот за време на зреењето (технолошка и ботаничка зрелост) се сложени и зависат од видот, сортата и применетите агротехнички мерки во дадени еколошки услови. Истовремено се поврзани со целта на производството притоа определувајќи го времето и начинот на берба. Тоа значи дека за квалитетно чување неопходно е добро познавање на биологијата на видовите, специфичностите на сортите, влијанието на сите агротехнички мерки на пораст, развој и квалитет на зеленчукот и овошјето како и физиологијата на зреење и процесите кои се одвиваат после бербата.
Зрелоста за време на бербата е еден од најважните фактори во одредувањето на квалитетот и должината на чувањето на зеленчукот и овошјето. Сите овошја со мали исклучоци ја достигнуваат својата употреблива (хранлива) вредност со потполно дозревање на дрвото. Секако дека таквите плодови не може да се одржат подолго во животот за време на чувањето и најчесто се берат пред потполната зрелост. Степенот на зрелост во моментот на берба влијае и на хемискиот квалитет. Така,

доматот собран во фаза зелен наменет за дозревање и чуван на 20ºC (до остварување на потполната зрелост) содржи помалку аскорбинска киселина отколку кога плодовите се собрани во зрела состојба. “Gala” е значајна сорта во групата на рани сорти јаболка. Времето на берба често се базира на црвената обоеност која пазарот ја диктира (бара). Во истажувањата (*Neri et al., 2005*) плодовите на јаболка се берени со различен степен на зрелост (рана, комерцијална и касна) чувани за време од 6 месеци на 0ºC. Осетливоста на појава на болести предизвикани од габата (*Phlyctaena vagabunda Desm.*) се зголемува после 120 денови од чувањето. Површинското оштетување во вид на прегори е видливо после 120-180 денови, само во фаза на рано собрани плодови. Некогаш времето за берба на јаболка се одредува со деградација на скробот, вредност од 3,5 до 4 (во скала од 1-5).

Времето на берба влијае на нутритивната вредност. Така со берба на јаболката во различно време (во интервал од 18 август до 22 септември) во услови на Шпанија вкупниот антиоксидативен потенцијал расте при покасни берби, односно со повисок степен на зрелост на плодовите (*Molina et al., 2005*).

Често должината на чувањето на свежите продукти базирана на надворешниот, визуелниот квалитет е подолго отколку кога се заснова на адекватна арома. Кај многу продукти, интензитетот на намалување на нутритивниот квалитет (посебно содржината на витамин С) е побрз отколку губитокот на арома кој во исто време се губи многу побрзо отколку структурниот квалитет и надворешниот изглед. Индикаторите на квалитетот мораат да бидат лесни за утврдување, а методите кои се употребуваат објективни (*Kader, 1992*).

ЗАКЛУЧОК

Производството има за цел што е можно подолга потрошувачка на свежите продукти, што значи и потреба за квалитетно и подолго чување. Биолошки тоа е можно со подолг период на потрошувачка во исхраната, што поради биохемискиот состав на зеленчукот и овошјето е исклучително значајно. Економски, помалите губитоци значат не само подолго чување туку и можност зеленчукот и овошјето, онаму каде тоа е можно, да се пласира на пазарот по повисоки цени (зима, крај на пролет). За преработката доброто чување значи потполно и за подолг период искористување на капацитетите.

ЛИТЕРАТУРА

Đurovka, M., Lazić B., Gvozdanović-Varga, J.: Značaj agrobioloških činilaca na čuvanje crnog luka. Zbornik radova Institut za ratarstvo i povrtarstvo – Novi Sad. Sv. 29, 175-183., 1998.

Ilić, Z.: Doktorska disertacija. « Uticaj uslova proizvodnje i čuvanja na kvantitativna i kvalitativna svojstva cvekle» Poljoprivredni fakultet – Novi Sad, 1993.

Kopec, K.: The Effects of Basic Postharvest Factors on the Dinamics of Quality Changes in Vegetable Stored. Research and Breeding Institute for Vegetable and Apecial Plants, Hurbanovo, 1986, 199 pages.

Krarup, C., and Gonzales, R.: Acta Hort.682, 1325-1330, 2005.

Marcelle,R,D.: Mineral nutrition and fruit quality. Acta Hort. 383:219-226, 1995

Moor,U., Poldma,P., Karp, K., Asofova, L., and Pae,A.: Acta Hort. 682, 1041-1045, 2005.

Praeger, U., Bufler, G.: Zwiebeln in CA-Lager- Was bewirkt eine veränderte Atmosphäre, Gemüse 8/2006, str 34-36.

Rubinowich,D.N., and Brewster, J.L.: Onions and Allied Crops.Vol I.57-61. 90-101., CRS Press. Inc.1990

Raj, Dev Subanna, V.C.: Ahlawat,O.P., Gupta, Pardeep., and Huddar,A.G: Effect of pre-treatments on the quality characteristics of dehydrared onion rings during storage. Journal of Food Agriculture & Environment 4 (1) : 30-33, Jan. 2006.

AGRO-BIOLOGICAL FACTORS IN FUNCTION OF THE STORAGE OF FRESH PRODUCE

Mihal Gjurovka[1], Gjorgji Martinovski[2], Zvezda Bogevska[2]

[1]Faculty of agriculture, Novi Sad, Serbia
[2]Faculty of agricultural sciences and food, Skopje, Macedonia

SUMMARY

The qualities of the fresh produce for storing depend upon the regimes or the conditions of storage. However, the products with bad or impropriate quality during the storage could not improve quality only what can be done is maintaining quality which has been got from the field during production period. For storage facilities it is very important to get production of fruits with high nutritional and marketing standards as result of using appropriate agricultural techniques.

Each agricultural technique in some cases can be limiting factor for total yields and quality characteristics, but always it should be stressed on the importance of production year regarding climate factors. There are some agricultural techniques that have much more influence on quality of the fresh produce like: the right choose of varieties, fertilization, irrigation, season of production, when and how the harvest is organised.

Key words: agro-biological factors, storage, quality, fresh produce.

POSTHARVEST LOSSES AND SOLUTION RECOMMENDATIONS ON STONE FRUITS GROWN IN TURKEY

Mustafa Sakaldas, Kenan Kaynas

Canakkale Onsekiz Mart University Faculty of Agriculture Department of Horticulture
17020 Canakkale / Turkey
msakaldas@yahoo.com

SUMMARY

In this research, solutions for solving the problems about postharvest losses caused by physiological and pathological disorders in stone fruits were evaluated. These species are; sweet cherry, apricot, peach, nectarine and plum. They are grown intensively in Turkey especially in Marmara region, an importnant fruit production province of Turkey. These problems affect the marketing possibilities of those crops for exportation and also in local markets. As known stone fruit species have shorter storage period than pomme fruits. In addition, susceptibility againts physiological and pathological disorders is high in these species. Thus, reducing the postharvest losses to minimum levels is due to the correct fixations and applications on these crops from harvest to consumption.
The actual applications in handling, storage and transportation can prolong the marketing of crops and can increase the benefits and capacity of cold stores. Furthermore, consumers can attain cheaper crops with high quality in long time period.
Keywords: Stone fruits, postharvest losses, storage, quality, marketing.

1. INTRODUCTION

Stone fruits as sweet cherry, sour cherry, peach, nectarine, apricot and plum have big potential of production and marjeting all over the world beacuse of their adaptation to different ecological conditions. Turkey is an importnant producer of these species. In Turkey; 390.000 tones of apricot, peach and nectarine is 485.000 tones of peach and nectarine and sweet cherry is 400.000 tones of sweet and sour cherry, 220.000 tones of plum were produced in 2005 (Fao, 2005). In addition in Canakkale, an importnant producer of stone fruits; 5.226 tones of sweet cherry, 41.611 tones of peach, 17106 tones of nectarine and 3.781 tones of plum were produced (Anonymous, 2006). The storage period of these species is shorter than the storage period of pomme fruits such as apple, pear and quince. In addition, the susceptibility againts physiological and pathological disorders is very high for these species.
Sweet cherry has a big production area in Turkey, especially in Marmara and Middle Anatolian regions. The most produced varieties are, “0900 Ziraat”, “Bing”, “Van” and “Bigarreau Gauher” respectively. Furthermore; “Blake”, “Red Haven”, Glohaven”, “Cretshaven” and “R-6” for peach, “Armking”, “Fantasia”, “Venus”, “Caldesi 2000” and “Star Red Gold” for nectarine, “Hungarian Best”, “Sekerpare”, “Tokalioglu”, “”Bebeco”, “Belliana” and “Roxana” for apricot, “Angeleno”, “Black Beauty”, “Birton”, “President” and “Autumn Giant” for plum are the most popular varieties.
As production, and growing, Turkish farmers are so developed because of the universities and big fruit companies. However, the ingorance about storage causes many problems for marketing these productions with high quality.

2. Postharvest losses and solutıon reccomendatıons

2.1. Quality Criterias and Optimum Storage Conditions

For sweet cheries, harvest maturity is very importnant point for storage and marketing. Skin colour and soluble solids concentraiton are the main criterias as fruit maturity. In addition; soluble solids concentration, titratable acidity, the rate of SSC / TA, the rate of cracking and stem colour are the quality criterias in storage period. The optimum storage condition is -0.5 ± 0.5 °C and %90 -95 relative humidity (Mitcham et al., 1996).

For peach and nectarine; skin colour, flesh firmness and soluble solids concentrations are the main harvest maturity criterias. The storage conditions of these species vary due to varieties, altough generally -1°C- 0°C heat, %90- 95 relative humidity and good ventilation are required. In addition for marketing, flesh firmness, soluble solids concentrations, titratable acidity, the rate of SSC / TA and the content of phenolic compounds are the main quality criterias (Crisosto et al., 1996).

For apricot, harvest date is determined by skin ground color changes from green to yellow. The exact yellowish-green color depends on the cultivar. Apricots should be picked when still firm because of their high bruising susceptibility when soft. Most apricot cultivars soften very fast making them very susceptible to bruising and subsequent decay. Fruit size, shape, and freedom from defects and decay. High consumer acceptance is attained for fruit with high (>10%) soluble solids content (SSC) and moderate acidity (0.7-1.0%). Apricots with 2-3 pounds-force flesh firmness are considered "ready to eat". Apricot cultivars have a rapid rate of fruit softening (3 pounds-force per day at 20°C (68°F). Optimum storage conditions are; -0.5 to 0°C heat and 90%-95% RH. Susceptibility of cultivars to freezing injury depends on SSC, which may vary from 10-14%. Highest freezing point = –1.0°C (30.5°F) (Crisosto et al., 1996).

For Japanese plums; skin colour, flesh firmness and soluble solids concentration are the harvest maturity guides. Optimum storage condition is -1°C- 0°C and %90- 95 relative humidity, furthermore the freezing point varies due to SSC of the variety. For marketing this crop; flesh firmness, soluble solids concentrations, titratable acidity, the rate of SSC / TA and the content of phenolic compounds are the main quality criterias like peach and nectarine (Crisosto et al, 1996).

2.2. Physiological and Pathological Disorders

Turkey is an importnant cherry producer in the world. “0900 Ziraat “ is the most common variety. The most importnant physiological disorders on sweet cheries grown in Turkey are; cracking (caused by the rains just before harvest), stem browning (caused by insufficient relative humidity), bruising and pitting (an indentation in the surface of the fruit caused by the collapse of cells under the skin. Thought to result from impact injury). In addition the most fixed pathological disorders are brown rot caused by *Monilinia fruticola*, grey mold caused by *Botrytis cinerea* and Rhizophus rot caused by *Rhizopus stolonife* (Mitcham et al, 1996). These physiological and pathological caused big amount of losses on cherries in Turkey.

Peach and Nectarine have a high susceptibility againts ethylene; futhermore the disorders caused by senescence can be visible at a high level on these species during storage period. These disorders are seen especially in shelf life after cold storage and the most common name is internal breakdown thus some disorders are called with this name. Internal browning, wooliness also the loss of quality and aromatic compounds are in this group. These symptoms develop during ripening after a cold storage period, thus, are usually detected by consumers. Fruit stored within the 2.2-7.6°C(36-46°F) temperature range are more susceptible to this disorder (Crisosto et al., 1996).

In addition inking is an importnant pyhsiological disorders on these species. It is a comestic problem affecting only the skin of peaches and nectarines. It is characterized by black or brown spots or stripes. These symptoms appear generally 24-48 hours after harvest. Inking occurs as a result of abrasion damage in combination with heavy metals (iron, copper and aluminum) contamination. This occurs usually during the harvesting and hauling operations, although it may occur in other steps during postharvest handling. Gentle fruit handling, short hauling, avoiding any foliar nutrient sprays within 15 days before harvest, and following the suggested preharvest fungicide spray interval guidelines are our recomendations to reduce inking in California (Crisosto et al., 1996).

The pathological disorders on these species are; brown rot caused by *Monilinia fruticola,* grey mold caused by *Botrytis cinerea* and Rhizophus rot caused by *Rhizopus stolonifer*

Brown Rot._Caused by *Monilia fructicola* is the most important postharvest disease of stone fruits. Infection begins during flowering and fruit rot may occur before harvest but often occurs postharvest. Orchard sanitation to minimize infection sources, preharvest fungicide application, and prompt cooling after harvest are among the control strategies. Also, postharvest fungicide treatment may be used.

Gray Mold. Caused by *Boyrytis cinerea* can be serious during wet spring weather. It can occur during storage if the fruit has been contaminated through harvest and handling wounds. Avoiding mechanical injuries and good temperature management are effective control measures.

Rhizopus Rot. Caused by *Rhizopus stolonifer* can occur in ripe or near ripe stone fruits kept at 20 to 25°C(68 to 77°F). Cooling the fruits and keeping them below 5°C(41°F) is very effective against this fungus (Crisosto et al., 1996).

For Apricots; the importnant physiological and pathological disorders are;

Gel Breakdown or Chilling Injury. This physiological problem is characterized in the earlier stages by the formation of water-soaked areas that subsequently turn brown. Breakdown of tissue is sometimes accompanied by sponginess and gel formation. Fruit stored between 2.2-7.6°C (36-46°F) have short market life and lose flavor. Brown rot and Rhizophus rot are the most common pathological disorders on apricot (Crisosto et al., 1996).

Furthermore, the most common physiological disorder is internal breakdown on Japanese plums grown in Turkey especially in Marmara region. This physiological problem is characterized by flesh translucency, flesh internal browning, flesh mealiness, flesh bleeding, failure to ripen and flavor loss. These symptoms develop in plum and fresh prunes during ripening after a cold storage period. Thus, these symptoms are usually detected by consumers. Fruit stored within the "killing temperature range" 2-8°C (36-46°F) are more susceptible to this problem. These diorders cause big amount of postharvest losses on these cultivars (Crisosto et al., 1996). The most common pathological disorders on Japanese plums grown in Turkey are brown rot, gray mold and rhizophus rot like other stone fruit species.

2.3. Precaution Alternatives Againts Postharvest Losses on Stone Fruits

Some researches including some preharvest and postharvest applications on sweet cherries obtain decreasing the postharvest losses. “Ioprodine” as preharvest application and MAP (modified atmosphere packaging) as postharvest application decreased the rate of brown rot and gray mold on cherries (Spotts et al., 1998). Also preharvest and postharvest applications of Semperfresh^{TM} (Sucrose polyesther) could be effective on “Bing” sweet cherry variety about cracking (Lang and Trought, 1995). Preharvest applications prevented cracking and postharvest applications obtained keeping the fruit quality after harvest. In addition; “Aloe vera” coating; was fixed very effective on stem browning and pathological disorders and keeping the fruit quality criterias (Martinez-Romero et al., 2006).

According to the results of some researches; storage at 0°C after 1- MCP postharvest application with 1000 ppb for 20 hours reduced softening and wooliness on "Almong", "Oded" white flesh peaches and "April Glow" yellow flesh nectarine variety (Ligouri et al., 2004). In addition storage at 0°C with 17% CO_2 + 6% O^2 controlled atmosphere conditions, prevented the changes in fruit quality for 3 weeks on "Elegant Lady" and "O'Henry" peach cultivars (Crisosto et al., 1997). Also postharvest AVG (Aminoethylvinyglycerine) applications effected positively; TA, SSC, flesh firmness and chilling injury on some peach varieties during storage (Garner et al., 2001). Furthermore; "Tebuconazole" and "Cyprodinyl" as preharvest using againts brown rot, "Fludioxonyl" and "Fenhexamide" postharvest using againts gray mold were fixed effective as preventing the contaminations during storage (Adaskaveg and Förster, 2001).

In addition, one of the most effective postharvest application is MAP (modified atmosphere packaging). "Flavorcrest" peach and "Fantasia" nectarine variety could be kept without quality losses at 0°C heat and 90% RH conditions for 30- 45 days with MAP application (Akbudak and Eriş, 2004). Furthermore postharvest MAP application reduced the rate of internal browning and wooliness on "Sweet September", "September Sun", "Ryan Sun" and "Rosario Red" peach varieties (Zoffoli et al., 2001). Postharvest MAP application combined with hot water treatment could prolong the storage period and kept some quality properties on Royal Glory" peach variety (Malakou and Nanos, 2005). In addition MAP application prevent the contamination of *Alternaria tenuis* on "Paraguayo" peach variety during prolonged storage (Fernandez- Trujillo et al., 1997). Also on "Hujin" peach variety; 37°C for 16 hours effected positively the flesh firmness and weight loss (Zhou et al., 2002).

Japanese plum is an importnant crop in Turkey as menitoned before. Coating with "Hydroxyprophyl methyl- cellulose lipid" including beesvax and shellac reduced internal breakdown and texture loss during shelf life at 20°C after storage on "Autumn Giant" plum variety (Gago et al., 2002) and 1- MCP (1- methylcyclopropane) postharvest applications was found effective for storage period at 1°C and shelf life at 23°C (Argenta et al., 2003). In addition; postharvest 1- MCP application with the dose of 500 ppb reduced *Monilinia laxa* and kept flesh firmness and colour (Menniti et al., 2004). Furthermore, postharvest MAP applications effected a lot of fruit quality criterias positively on "Laetitia" plums (Crouch et al., 2002).

Precooling is an effective method for prolonging the storage period with keeping the quality and for realizing most of the postharvest applications succesfully. Furthermore choising the reasonable precooling method for such crop is the most importnant point in this subject. Hydrocooling is the most common and beneficial precooling method for sweet cherries and sour cherries (Figure 2); although forced air cooling is more choosen method for peach, nectarine, apricot and plum (Figure 1) (Gast and Flores, 1991).



Figure 1. Forced- Air cooling precooling system.



Figure 2. Hydrocooling preccoling system.

3. CONCLUSION

As a result; Turkey is an importnant stone fruit producer and exporter all over the world. Especially in Marmara region producing of stone fruits is more than producing of pommefruits. Reducing the rate of postharvest losses, prolonging the storage period and shelf life with keeping the quality could be obtained by the beneficial postharvest applications, right storage methods with new technologies and useful packaging methods. Thus, marketing period of these crops could be prolonged, utility to consumers could be increased and cold stores coud be more active.

4. LITERATURE

Adaskaveg,J.E., Forster, H., 2001. New Detection and Management Practices for Brown Rot of Peach in California, V. International Peach Symposium, 08-13/July/2001, Rotterdam-Netherlands.

Akbudak, B., Eris, A., 2004. Physical and chemical changes in peaches and nectarines during the modified atmosphere storage, Food Control, 15 (4): 307- 313.

Alique, R., Zamorano, J.R., Zamorano, M.A., Alonso, J., 2005. Effect of Heat and Cold Treatment on Respiratory Metabolism and Shelf Life of Sweet Cherry, Ytpe Picota cv "Ambrunes", Postharvest Biology and Technology, 35 (2005): 153- 165.

Anonymous, 2006. Agricultural department of governement- station of Çanakkale, The report of fruit growing areas in Canakkale (2006).

Argenta, L.C., Krammes, J.G., Megguer, C.A., amarante, C.V.D., Matthesi, J., Ripening and quality of "Laetitia" plums following harvest and cold storage as affected by inhibition of ethylene action, Pesq agropec. Bras. Brasilia, 38 (10): 1139- 1148.

Crisosto, C.H., Mitcham, E.J., Kader, A.A., 1996. Recommendations for Maintaining Postharvest Quality- Peach and Nectarine, copyright: 1996- 2007. Updated, December 15, 2005. http://postharvest,ucdavis.edu.Produce/ProduceFacts/Fruits/necpch.shtml

Crisosto, C.H., Mitcham, E.J., Kader, A.A., 1996. Recommendations for Maintaining Postharvest Quality- Plum, copyright: 1996- 2007. Updated, December 29, 2006. http//postharvest,ucdavis.edu.Produce/ProduceFacts/Fruits/plum.shtml

Crisosto, C.H., Mitcham, E.J., Kader, A.A., 1996. Recommendations for Maintaining Postharvest Quality- Apricot, copyright: 1996- 2007. Updated, June 14, 2006. http//postharvest,ucdavis.edu.Produce/ProduceFacts/Fruits/apricot.shtml

Crisosto, C.H., Garner, D., Crisosto, G., 1997. Evaluating the Relationship Between Controlled Atmosphere Storage, Peach Fruit Size and Internal Breakdown, Perishables Handling Newsletter, Issue: 90, p. 7- 8.

Crisosto, C.H., Crisosto, G.M., Metheney, P., 2003. Consumer acceptance of “Brooks” and “Bing” cherries is mainly dependent on fruit SSC and visual skin color, Postharvest Biology and Technology, 28 (2003): 159- 167.

Crouch, I.J., Ian- Ferguson, B., Bieleski, R., Laing, W., Clark, C., 1996. Effect of modified atmosphere packaging on control of shrivel and overall quality of “Laetitia” plums, International postharvest science conference, 04- 09 August 1996, Taupo- NouvelleZelllande.

Fao, 2005. http://faostat.fao.org/site/336/DeskstopDefault.aspx?PageID=336

Fernandez- Trujillo, J.P., Salmeron, M.C., Artes, F., 1997. Effect of Intermittent Warming and Modified Atmosphere PAckaging on Fungal Growth in Peaches, Plant Disease, 81 (8): 880- 884.

Garner, D., Crisosto, C.H., Otieza, E., 2001. Controlled Atmosphere Storage and Amino ethylvinyl- glyine Postharvest Dip Delay Post Cold Storage Softening of “Snow King” Peach, Hort Technology, October- December 2001, 11 (4): 598- 602.

Gast, K., L.B., Flores, R., 1991. Precooling Produce Fruits&Vegetables, Cooperative Extension Service, Manhattan- Kansas, August 1991.

Lang, A. and Trought, M., 1995. Semperfresh and Cracking in Cherries, Hortresearch Client Report No. 95/41.

Liguori, G., Weksler, A., Zutahi, Y., Lurie, S., Kosto, I., 2004., Effect of 1- MCP on ripening and melting flesh peaches and nectarines, Postharvest Biology and Technology, 31 (3): 263- 268.

Malakou, A., Nanos, G.D., A., 2005. Combination of hot water treatment and modified atmosphere packaging maintains quality of advanced maturity “Caldesi 2000” nectarines and “Royal Glory” peaches, Postharvest Biology and Technology, 38 (2005): 106- 114.

Martinez- Romero, D., Alburquerque, N., Valverde, J.M., Guillen, F., Castillo, S., Valero, D., Serrano, M., 2006. Postharvest Sweet Cherry Quality and Safety Maintenance by Aloe Vera Treatment, Postharvest Biology and Technology, 2006 (39): 93- 100.

Mitcham, E.J.,Crisosto, C.H., Kader, A.A., 1996. Recommendations for Maintaining Postharvest Quality- Sweet Cherry, copyright 1006- 2007. Updated, June 14, 2006. http://postharvest,ucdavis.edu.Produce/ProduceFacts/Fruits/cherry.shtml

Perez- Gago, M.B., Rojas, C., Del Rio, M.A., 2003. Effect of Hydroxypropyl Methylcellulose- Lipid Edible Composite Coatings on Plum (cv. Autumn giant) Quality During Storage, Journal of Food Science, 68 (3): 879.

Schick, J.L. and Toivonen, M.A., P., 2000. Optimizing Cherry Stem Quality, 16th Annual Postharvest Conference, Yakima, WA, 14- 15 March 2000.

Spotts, R.A., Cervantes, L.A., Facteau, T.J., Chand- Goyal, T., 1998. Control of Brown Rot and Blue Mold of Sweet Cherry with Preharvest Ioprodine, Postharvest Cryptococcus infirmo-miniatus and Modified Atmosphere Packaging, Plant Disease, 82 (10): 1158- 1160.

Zhou, T., Xu, S., Sun, D.W., Wang, Z., 2002. Effect of heat treatment on postharvest quality of peaches, Journal of Food Engineering, 54 (2002): 17- 22.

Zoffoli, J.P., Balbontin, S., Rodriguez, J., 2001. Effect of Modified Atmosphere Packaging and Maturity on Susceptibility to Mealiness and lesh Browning of Peach Cultivars, V. International Peach Symposium, 08-13/July/2001, Rotterdam- Netherlands.

ПОСЛЕБЕРБЕНИ ГУБТОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА КОСКЕСТО ОВОШЈЕ ВО ТУРЦИЈА

Мустафа Сакалдаш, Кенан Кајнас
Земјоделски факултет, Оддел за хортикултура, Канаккале, Турција

КРАТОК ИЗВАДОК

Во ова истражување, се дадени решенија за послебербените губитоци предизвикани од физиолошки и патолошки пореметувања. Во истражувањето беа опфатени следните видови: цреша, кајсија, праска, нектарина и слива. Овие видови се одгледуваат интензивно во Турција посебно во Мармара регионот, важен регион за производство на овошје во Турција. Овие проблеми влијааат на маркетиншките можности на овие култури за извоз и за локалените пазари. Како што се знае коскестите видови имаат пократок период на складирање отколку јаболчестите. Како дополнување, осетливоста на физиолошки и патолошки пореметувања е многу висока кај овие видови. Затоа, за да се намалат послебербените губитоци на минимални нивоа треба да се превземат правилни мерки кај овие култури од берба до консумација.
Правилни мерки треба да се применат во ракувањето, складирањето и транспортот кои имаат за цел продолжување на пазарната вредност на културите и зголемување на употребливоста и капацитетот на ладните складишта. Освен ова, потрошувачите може да добиајат производ кој е поевтин со висок квалитет за подолг период.
Клучни зборови: коскесто овошје, послебербени губитоци, складирање, квалитет, маркетинг.

ПРИМЕНА НА 1-МЕТИЛЦИКЛОПРОПЕН (1-MCP) ВО ИНХИБИРАЊЕ НА ЗРЕЕЊЕТО НА ПЛОДОВИТЕ ОД ДОМАТ

Зоран Илиќ[1], Авита Бен-Јосеф[2], Јаков Партзелан[2], Шарон Алкалаи-Тувиа[2], Елзар Фалик[2], Ѓорѓи Мартиновски[3], Звезда Богевска[3]

[1]Земјоделски Факултет, Зубин Поток, Косовска Митровица, Србија
[2]Организација за развој на земјоделството, Волкани Центар, Оддел за послебербена наука на свеж производ, Израел
[3]Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје

КРАТОК ИЗВАДОК

1-Метилциклопропенот (1-MCP) е инхибитор на етиленот кој може да влијае на процесите на зреење и/или стареење, го намалува неговото создавање, интензитетот на дишење, промената во бојата и омекнувањето на плодовите. Плодовите на доматот со различен степен на зрелост (зелен наменет за дозревање-MG, светлорозев-LP и светло црвен-LR) беа изложени под дејство на 1-MCP третман (300ppb), за време од 24 часови на температура од 20ºC. Третираните и контролни плодови беа чувани на различни температури (5ºC и 12ºC) за време од 2 недели + 4 денови на 20ºC (shelf life-симулација на условите во маркетите). Пратени беа промените во квантитет (губиток во маса, надворешен изглед) и квалитет (цврстина, вкус, боја, содржина на каротиноиди) на плодовите.

Оптимална фаза за примена на 1-MCP со цел пролонгирање на зреењето беше фазата "зелен наменет за дозревање" (MG). Насобирањето на каротеноиди во плододвите (во сите фази на зреењето) е значајно успорено со примена на 1-MCP. На крајот од чувањето (14+4 денови), содржината на каротеноиди кај плодовите во фаза MG третирани со 1-MCP на 5ºC беше 32,0mg/kg, а на 12ºC - 0,137mg/g свежа маса. Плодовите кои беа третирани со 1-MCP и чувани на 5ºC остануваат цврсти во "фаза зелен наменет за дозревање"-MG (45-50N) и LP фаза (40-45N) додека кај плодовите од LR фазата, цврстината е 35-40N.

Клучни зборови: домат, чување, фаза на зреење, 1-MCP, квалитет

ВОВЕД

Плодовите на доматот често се берат во фаза "зелен наменет за дозревање" за да се намалат повредите предизвикани за време на ракувањето и транспортот. Тие се одликуваат со дозревање кое спонтано се одвива или плодовите се третираат со етилен пред дистрибуција и продажба. Со контролата на зреењето периодот на чување може да се продолжи, а губитоците да се намалат. Иако со созревањето, плодовите стануваат погодни за исхрана добивајќи карактеристичен вкус и мирис, во исто време започнува и расипувањето на плодовите посебно кај оние со климактеричен тек на дишењето како што е доматот кај кој почетокот на зреење е иницирано од ендогениот етилен (*Ilic* и *Fallik*, 2007). Животот за време на чувањето на плодовите од домат може да се продолжи ако продукцијата на етилен се намали или се контролира неговото влијание.

Како релативно нов инхибитор на активноста на етиленот, 1-Метилциклопропенот (1-MCP) се употребува со основна цел да се продолжи периодот на чување (shelf-life), а да се зачува квалитетот. Како растителен регулатор на порастот при стандардна температура и притисок, 1-MCP е гас, со молекулска маса 54, формула C_4H_6.
Како инхибитор на етиленот односно негов антагонист, кој е присутен во растителното ткиво, дејствува на јакнење на иреверзибилноста на рецепторите на етиленот (*Sisler и Serek.*, 2000). Многу ниски концентрации на 1-MCP може да го инхибираат создавањето на етилен на ниво на рецептори.
1-MCP не е токсичен, остава занемарливи резидуи и активен е при многу мали концентрации (2,5nlL^{-1} - 1μl L^{-1}). Дејствува фумигантно, а за негова примена потребни се добро дихтувани комори. Достапен е како стабилен комплескс во вид на прав, се ослободува растворен во вода, што е главна причина за пораст на комерцијалниот интерес ширум во Светот. Во САД и Канада, 1-MCP присутен е во продажба под трговскиот назив EthylBloc™ (Floralife Inc.) и SmartFresh™ (AgroFresh, Inc., Rohm and Haas) во употреба за украсни и за исхрана земјоделски продукти, но и за глобална употреба како AgroFresh. За употреба на хранливи продукти 1-MCP е регистриран во Аргентина, Австралија, Австрија, Бразил, Канада, Чиле, Коста Рика, Гватемала и Хондурас, Израел, Мексико, Холандија, Нов Зеланд, Јужна Африка, Велика Британија и САД. Видовите кај кои е регистриран се специфични за секоја земја и најчесто се применува за: јаболкото, кајсијата, авокадото, кивито, мангото, нектарините, праските, крушките, сливите, ананасот, какито (јапонското јаболко), дињите, доматот и лалето. Регистрација на 1-MCP многу брзо се очекува во Јапонија и членките на ЕУ (*Watkins и Miller*, 2005).
Оправданоста од употребата на овие технологии е во функција на цената и користа која се остварува со прифатлив квалитет кој се оценува од страна на потрошувачите. Примената на 1-MCP може да се вклучи во технологијата на предчување, чување и транспорт, па така станува сериозна конкуренција на постоечките технологии, посебно за време на дистрибуцијата и продажбата во мегамаркетите.
Аромата го сочинува вкусот и мирисот, а при создавањето на нејзините испарливи компоненти силно влијание има етиленот. Со примената на 1-MCP порастот или опаѓањето на испарливите компоненти на аромата се разликуваат во зависност од растителните видови, а нејзиното значење посебно се истакнува кај сортите кои се продаваат врз база на вкусот и мирисот. Кај некои продукти остварувањето на полната арома ја прати потполната зрелост или можеби малку понезначајни, текстурата или односот шеќери/киселини. 1-MCP го одлага зреењето (пратено со порастот на ацетат и бутират естер и намалувањето на алкохолот и алдехидите кај јаболката), но сензорните карактеристики се подобри од помалку ароматичните (третирани со 1-MCP) плодови (*Pre-Aymardet al.,* 2003).
1-MCP го намалува интензитетот на развојот на црвената боја кај плодовите во сите фази на зрелост (*Mir et all., 2004*). Најдобри ефекти од примената на 1-MCP има кај доматот кој е во фаза на зрелост означена како “mature geen”, односно зелен наменет за дозревање. Кај фазите кои се блиску до потполната зрелост ефектите се намалени. Со концентрација од

10μL/L се обезбедува најмал интензитет на создавање на етиленот и се одложува климактеричниот пик. Тертирањето со 1-MCP сигнификантно го одлага започнувањето на биосинтезата и создавањето на ликопенот. Сличен тренд се јавува и кај содржината на каротиноидите. Омекнувањето на плодовите е истотака успорено кај третманот со 1-MCP бидејќи директно го инхибира етленот со активниот пад на ензимите во клеточните ѕидови (*Arnold M., et al*l. 2005).
Phasay S et all., (2007) третира домат (сорта Encore) со 1-MCP со концентрација од 625nl L^{-1} во траење од 12 часови на температура од 20ºC.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Доматот (сорта 1402) од пластенчко производство (централен дел на Израел) беше собран во различна фаза на зрелост (зелен наменет за дозревање MG, розев и црвен плод). Одбрани и исчистени плодови беа поставени во комори под дејство на 1-MCP третман (300ppb) за време од 24 часови на собна температура (20ºC).
1-MCP третманот беше остварен со комерцијалното средство SmartFresh™ (0,14% активна материја) растворен во вода. Третираните и нетретираните (земени за контрола) плодови беа чувани на различни температури на 12ºC и 5ºC за време од 2 недели +4 дена на 20ºC (симулација на условите во маркетите).
Одредувањето на бојата во основа значи одбивање, рефлектирање на светлината од површината на плодовите, а се детектира со светлорефлексионометар (Минолта колориметар како hue angle^0), при што вредноста на обојување од 30 до 40 претставуваат зрел плод, 50-70 розев и преку 90 зелен за дозревање. На крајот од чувањето беа одредени параметрите за квалитет: содржината на суви материи (рефрактометриски %), содржината на каротеноиди беше одредена спектрофотометриски по методот (*Винокур и сор., 2006*), а цврстината на плодот со недеструктивна метода со помош на пенетрометар (Jamaica type-02, MFG.CO, New Jork) при што плодот е мек со вредност <35N, цврст 35-40N и многу цврст преку 40N. Исто така беше пратена и здравствената состојба, односно регистрирано беше присуството на болести (% заразени плодови со Botrytis, Alternaria и Rhizopus).
Истражувањата беа извршени во одделот за послебербената наука на свеж производ, Волкани центарот во Бет Даган, Израел.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА И ДИСКУСИЈА

Доматот собран во фаза "зелен наменет за дозревање" кој беше чуван на 5ºC за време од две недели не постигна потполна обоеност на плодовите. Развојот на обоеноста, односно процесот на дозревање беше уште повеќе намален со употреба на 1-MCP. Дури после излагањето на плодовите на температура од 20ºC за време од 4 дена процесот на зреење продолжуваше и плодовите подобро се обојуваа. Ова е разбирливо бидејќи доматот во оваа фаза на зрелост може да дозрева само на температура од 15ºC (*Ilic Z., 2001, 2002*). Делумно дозревање е можно на темпаратури од 10 до 13ºC (тн. "ладно дозревање"), но на 50% од плодовите присутни се симптоми на неправилно зреење, а симптоми на внатрешно неправилно созревање дури на 71% од плодовите (*Powell, C.A., 1995*). Доматот во оваа фаза на зрелост

чуван на 5°C е многу чувствителен на повреди на овие температури. Симптоми на повреди од ладно (*chilling injury*) се посебно видливи после периодот на симулирање на условите за продажба (*shelf life*).

Табела 1. Влијание на температурата на чување и примена на 1-MCP на рзвојот на обоеноста на доматот при различна зрелост

Фаза на зрелост	Старт	После 14 дена на чување				После 14 дена + 4 дена на 20°C -shelf life			
		5°C		**12°C**		**5°C**		**12°C**	
		ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**
Зелен за дозревање	**100**	54	72	39	53	42	56	38	42
Розев	**84**	50	59	41	46	42	51	39	41
Црвен	**62**	48	53	40	44	42	47	40	41

ø - Контрола

Третирањето со 1-MCP дава позитивни ефекти и го успорува омекнувањето на плодовите во различни фази на зрелост. Доматот зелен " наменет за дозревање" е фаза на зрелост на плодовите која е најпогодна за примена на 1-MCP во одлагање на зреењето, а плодовите се поцврсти отколку плодовите во понапредни фази на зрелост (розев, црвен).

Табела 2.Содржина на каротиноиди mg/kg сува маса

Фаза на зрелост	Старт	После 14 дена на чување				После 14 дена + 4 дена на 20°C -shelf life			
		5°C		**12°C**		**5°C**		**12°C**	
		ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**	ø	**1-MCP**
Зелен за дозревање	**11,5**	25,0	17,3	25,0	14,7	60,2	32,0	87,7	53,1
Светло розев	**25,0**	34,6	32,6	67,2	64,0	67,2	55,1	77,4	57,6
Светло црвен	**47,4**	64,0	57,6	73,6	70,4	70,4	64,0	80,0	73,6

ø - Контрола

Акумулацијата на каротиноиди со 1-MCP третманот беше поспора отколку кај контролните плодови (без примена на 1-MCP) и тоа кај плодовите од сите фази на зрелост. Акумулацијата на каротеноиди беше посебно успорена при чување на 5°C и кај плодовите во фаза "зелени наменети за дозревање". Содржината на каротиноиди кај плодовите "зелени наменети за дозревање" беше 11,5mg/kg сува маса на почетокот на чувањето додека на крајот од чувањето 60,2 (на 5°C) односно 87,7μg/g сува маса (на 12°C). Во истата фаза на зрелост на плодовите тертирани со 1-MCP акумулацијата на каротиноиди беше успорена и изнесуваше 32μg/g сува маса (5°C) односно 53,1μg/g сува мас (на 12°C).

Најмало влијание на 1-MCP на акумулацијата на каротиноиди беше кај плодовите кои се најблиску до потполна зрелост означени како "светло црвени". Во оваа фаза на зреење скоро и да нема разлика во акумулацијата на каротиноиди во плодовите со или без третман со 1-MCP. Истиот тренд беше забележан при чување на двете температури (5°C и 12°C).

Плодовите од домат во фаза "зелен наменет за дозревање" чувани на 5°C не можеа да дозреат и да се здобијат со атрибутите за квалитет. Причината за ова е премногу ниската температура на чување со дополнително влијание на 1-MCP кој го инхибира процесот на дозревање. Недостатоците во вид на зелено портокалов врат околу плодната дршка (70% од плодовите) ја намалуваат визуелната привлечност на плодовите,

а зголемената содржина на лимонска киселина, ја зголемува киселоста (киселиот вкус) на плодовите.

Табела 3. Квалитетни својства (атрибути) на плодовите од домат после 2 недели чување на 5ºC и 12ºC + 4 денови на 20ºC.

Третмани Варијанти		Вкупни р-рливи материи %	Цврстина N	Болести* %	Недостатоци зелен врат %	Оштет впечаток (изглед) (1-5)	Оштетувања од ниски t° C %
1-MCP	5ºC светло црвен	4,5	35-42	5	40	3,0	-
	12ºC светло црвен	4,5	28-36	10	35	2,5	-
	5ºC светло розев	4,5	40-46	-	50	3,0	-
	12ºC светло розев	4,3	35-40	-	5	3,5	-
	5ºC зелен за дозрев.	4,3	40-50	-	70	2,0	-
	12ºC зелен за дозрев.	4,4	40-45	-	0	4,0	-
ø Контрола	5ºC светло црвен	4,4	30-38	30	40	1,7	-
	12ºC светло црвен	4,5	25-30	40	20	1,5	-
	5ºC светло розев	4,4	35-40	0	8	3,5	-
	12ºC светло розев	4,2	28-36	5	-	2,5	-
	5ºC зелен за дозрев.	4,3	40-50	5	-	4,0	-
	12ºC зелен за дозрев.	4,2	35-42	5	-	4,0	-

*Болести (Alternaria и Botrytis)

Од табелата може да се забележи дека примената на 1-MCP има влијание и на цврстината на плодовите. Омекнувањето на подовите и другите текстурни промени, се зголемуваат поради делумното разградување на клеточните ѕидови на плодовите. Етиленот ја стимлира активноста на ензимите кои вршат деградација на клеточните ѕидови. Примената на 1-MCP го успорува омекнувањето на плодовите. Плодовите од пораната фаза на зрелост чувани на пониски температури и изложени на дејството на 1-MCP имаа подобра цврстина. Слични резултати имаат добиено *Arnold* и *Ying (2005)*, со примена на 1-MCP на црешовидниот домат - cherry tomato.

Со чувањето на доматот на 12ºC во фаза зелен наменет за дозревање со примена на 1-MCP се добија најдобри резултати во поглед на квалитетните особини, плодовите не беа нападнати од болести, беа без обезбојување, цврсти и имаа помала содржина на киселини.

На здраствената состојба поголемо влијание има темепратурата за време на чуавњето отколку третирањето со 1-MCP. Релативно многу малку се знае за влијанието на 1-MCP на појавата на болести, но претставува важен фактор во средината за чување. Појавата на болести може да расте со примена на 1-MCP кај некои сорти на јаболка, портокали и јагоди, кај кајсиите болестите се инхибирани, а кај грејпфрутот нема влијание. Намалената сензитивност на етилен може да биде во полза за одредени патогени, односно пад на отпорноста кон други патогени, на пр. кај цитрусите е инхибиран развојот на габите и појавата на болести со порастот на содржината на етилен.

Плодовите на доматот од опитот беа од зимско-пролетно производство и бе помалку чувствителни на дејството на ниски температури од оние од летното производство. Температурата на чување од 5ºC е температура која најчесто предизвикува одредени оштетувања на доматот. Доматот "зелен наменет за дозревање" е почувствителен на дејството на ниски температури од фазата розеви и црвени плодови. Чувствителноста на

некои земјоделски продукти на чување при ниски температури (chillin injury) е ограничувачки фактор во процесот на чувањето. Улогата на етиленот во развојот на повреди од ниски температури е комплексен, а меѓусебниот однос помеѓу овие два фактора не е секогаш ускладен. Постојат позитивни индикации од примената на 1-MCP на редукција на повредите од ниски температури кај авокадото (како климактерично овошје) и ананасот (како неклимактерично овошје), *Woolf et al., 2005*.

ЗАКЛУЧОК

1-MCP го одлага дозревањето и го успорува развојот на обоеноста без губитоци во создавањето на шеќерите кај плодовите од домат во различни фази на зрелост.

Концентрацијата од 300ppb е доволна да обезбеди намалување на интензитетот на создавањето на етиленот и одлагање на климактеричниот максимум на дишењето за време на неговото одвивање.

Најдобри ефекти од примената на 1-MCP се постигнуваат кога доматот е во фазата на зрелост означена како "зелен наменет за дозревање". Кај фазите кои се блиску до полна зрелост ефектите се помали.

Третирањето со 1-MCP сигнификантно го одлага започнувањето на биосинтезата и создавањето на каротиноидите.

Омекнувањето на плодовите е исто така успорено кај третирањето со 1-MCP бидејќи директно го инхибира етиленот односно предизвикува активен пад на ензимите во клеточните ѕидови.

Примената на 1-MCP е за препорака како за произведувачите така и за снадувачите и дистрибутерите на домат за свежо во планското снабдување на маркетите, бидејќи со неговата апликација се обезбедува остварување на соодветната фаза на обоеност на плодовите.

ЛИТЕРАТУРА

Arnold,M.Opiyo., Ying Tie-Jin (2005) : Effect of 1-Methylcyclopropene Post-harvest Treatment on Ripening Process in Cherry Tomato Fruit (Lzcopersicon esculentum var. Cerasiforme). J,Plant Phys.Molec. Biol. 31 (1): 27-33

Blankenship, S.M, Dole, J.M. (2003): 1-Methylcyclopropene: are view. Post. Biol. Technol. 28 (1): 1-25

Huber,D.J., Jeong,J., and Mao,L.C. (2003): Softening during ripening of ethylene treated fruits in responce to 1-methylciklopropene application. Acta Hort. 628. 192 202

Ilić, Z., Fallik E. (2007): Stem Scar- Major Pathway for Quality Changes in Tomato Fruit Stored at Different Temperatures. Acta Hort. 741, 213-219

Ilić,Z., Fallik,E. (2001) : Uticaj stepena zrelosti i različitih temperatura na dozrevanje plodova paradajza, XIV Simpozijum Jugoslovenskog društva za fiziologiju biljaka. Zbornik izvoda 8 - 9.

Ilić,Z., Fallik,E., and Barać,S. (2002): Prestorage heat treatments application during storage of fresh tomato. Eko konferencija „ Zdavsteveno bezbedna hrana - Safe food". Novi Sad, Monografija,Tematski zbornik II p. 219-225

Mir N, Canoles M, Beaudry R, Baldwin E, Pal Mehla C (2004) : Journal of the American Society for Horticultural Science 129 (1): 112-120

Moretti,C.L., Mattos,L.M., Berg,F.L.N., and Santos,J.Z. (2005): Quality attributes of tomatoes submitted to different postharvest treatments. Acta Hort. 682, 1029-1036

Phasey S., GashA.F.J., Tully,M., and Bishop,C. (2007): Effect of 1-MCP on Quality

Aspects of „Encore„ Tomatoes. Acta Horticulturae, 741. 141-150
Powell,C.A., Stofella,P.J. (1995) : Cooling tomatoes with external symptoms of iregullar ripening is of limited benefit. Hort Science, 30(2): 316-317,
Watkins.C.B., and Miller,W.B. (2005) : 1-MCP Based Technologies for Storage and Shelf-life Extension Acta Hort, 687. 201-207

APLICATION OF 1-METHYLCYCLOPROPENE (1-MCP) IN INHIBITION OF RIPENING PROCESS OF TOMATO FRUIT

Zoran ILIĆ[1], Avital BEN-YOSEF[2], Yaccov PARTZELAN[2], Sharon ALKALAI-TUVIA[2], Elazar FALLIK[2], Gjorgji MARTINOVSKI[3], Zvezda BOGEVSKA[3]

[1]Faculty of Agriculture, Zubin Potok., Kosovska Mitrovica, Serbia
ARO- The Volcani Center,
[2]Departement of Postharvest Science of Fresh Produce, Israel
[3]Faculty of agricultural sciences and food, R. Macedonia

SUMMARY
1-Methylcyclopropene (1-MCP) is an inhibitor of ethylene perception that can affect ripening and/or senescence processes and reduces ethylene production, respiration, color changes and softening in tomato fruit. Tomato cv. 1402 was grown in the greenhouse (in central part of Israel) were harvested at the different stage of maturity (mature green-MG, pink and red stage). Selected and clearing fruits were sealed in desiccators and subjected to 1-MCP treatments (300ppb), during 24^h (on $20^0C \pm 2^0C$). 1-MCP gas was generated form *SmartFresh*^{TM} (0.14% active ingredient), by adding water. Treated and control fruits stored at different temperature on 5^0C and 12^0C during two weeks + 4 days on 20^0C (*shelf-life*). Changes in fruit color were monitored using *Minolta colorimeter*, carotenoids the assessment was done with a spectrophotometer according to the methods (*Vinokur et al., 2006*), firmness was measured non-destructively with Durometer (*Shore. Manufacturing NY*).
1-MCP reduced the rate of red color development in fruit of all stages of ripeness. The mature green stage (MG) was the optimal stage for 1- MCP treatment and storage on 12^0C to delay fruit ripening. Carotenoid accumulation in fruits (all stage of maturity) was significantly delayed by 1-MCP used. At the end of the storage (14+4d), the carotenoids content in 1-MCP treated MG stage fruit on 5^0C storage was 0.050mg/g and on 12^0C -0.083mg/gF.W. In same time the carotenoids content in control fruits (without 1-MCP treatment in same stage of maturity) on 5^0C storage maintained 0,94mg/g and on 12^0C 0.137mg/gF.W. The treated fruits in MG phase on 5^0C storage being firmer (45-50News) and pink phase (40-45N) than those treated at red maturity stages (35-40N).
Collectively, the data indicate 1-MCP caused minor shifts in the quality attributes of color, aroma, and firmness relative to external colour, which may reduce the value of this treatment, but benefits accrued by slowed firmness loss and color development may afford sufficient compensation to make 1-MCP application commercially feasible.
Key words: tomato, сторагe, stage of maturity, 1-MCP, quality

LAA- LIPOPHILIC AND HAA-HYDROPHILIC ANTIOXIDANT ACTIVITY OF RED BELL PEPPER DURING STORAGE ON DIFFERENT TEMPERATURE

Zoran Ilic,[1] Avital Ben-Yosef[2], Yaccov Partzelan[2], Sharon Alkalai-Tuvia[2], Elazar Fallik[2]

[1]Faculty of Agriculture, Zubin Potok., Kosovska Mitrovica, Serbia
[2]ARO- The Volcani Center, Postharvest Science of Fresh Produce, Israel

SUMMARY

Bell pepper *(Capsicum annum L.)* is a vegetable knows for its antioxidant contents which are highly important for its nutritional values. The total antioxidant activity (TAA) of pepper fruits measured by TEAC (Trolox equivalent antioxidant capacity). This assay measures both the hydrophilic (HAA) (vitamin C) and lipophilic (LAA)(carotenoids and vitamin E) contents based on the total radical scavenging capacity, and the ability of a scaverenge the stable ABTS radical ($ABTS^+$) described by *Vinocur and Rodov* (2006). Fruit were cleaned and disinfected with hot water rinsing and brushing (HWRB) at 55^0C as described by *Fallik et all*., (1999). Tap water wash was served as control. Fruit were stored at 2^0C or 7^0C during 3 weeks plus 3 days at 20^0C (shelf life simulation).
TAA in red bell pepper immediately after harvest was 4.89 (0.84 lipophilic and 4,05 hydrophilic) µmol TE/g fr.wt. After 3 weeks storage at 2^0C, TAA in pepper with cold wash treatment was 4.72 and 4.65 TEAC µmol TE/g fr.wt. in HWRB treatment.
After 3weeks +3days shelf life on 20^0C TAA slowly growing up and obtained content of 5.97 in cold wash and 5.88 TEAC µmol TE/g fr.wt. in HWRB. This is mainly due to changes in the lipophilic activity-LAA (treatment with cold water-2.04 and 2.06 µmol TE/g fr.wt. in HWRB, comparing with 0.84 µmol TE/g fr.wt. on beginning of storage). Hydrophilic antioxidant activity-HAA remains practically unchanged.
In fruit was stored at 7^0C pepper ripeness has been associated with carotenoids accumulation especially after shelf life, TAA was 6.01 TEAC (LAA 2.31) µmol TE/g fr.wt
Key words: storage, pepper, antioxidant, quality, low temperature

INTRODUCTION

Fresh fruit and vegetables are important sources of antioxidants in human diet. Bell pepper is one of the commercially important vegetable crops and may be green, purple (unripe), red, yellow, orange, or brown when ripe. Peppers are rich in both hydrophilic antioxidants, such as vitamin C, and lipophilic ones, such as carotenoids and vitamin E ***Vinocur and Rodov.,*** 2006 and in potassium, and are low in calories, ***Maalekuu et all.,*** 2003**.** The major postharvest limiting factor in bell pepper is its relatively short shelf life of only one to two weeks.
Red sweet pepper (*Capsicum annuum L.)* cultivars have been identified as potential vegetables with high antioxidant activity. Fresh sweet pepper have exceptionally high ascorbic acid (0,15 to 2,0 $mg \cdot g^{-1}$fresh weight) compared to other fruit and vegetables. The attractive red colour is due to the various carotenoid pigments. Ascorbic acid development in pepper and other fruit is related to glucose metabolism and light exposure, and concentrations of both ascorbic acid and reducing sugars typically increased as the fruit matures, ***Fox et.all.,*** 2005. Ascorbic acid was the main form of vitamin C, and its content increased as the pepper reached maturity. The ascorbic acid content increases in peppers as they ripen. For green

mature, breaker and red peppers values of 107,3, 129,6 and 154,3 mg/100g edible portion were found, ***Martinez et al.,*** (2005). The red ripe stage had a relevant impact on the carotenoids content of polyphenols, while red ripe fruits had the highest content of vitamin C and provitamin A, ***Marin et all.,*** 2004.

Bell pepper are increasingly harvested at full color due growing consumer demand for peppers with improved flavor and nutritional aspects ***Frank et al.,*** 2001.

The vitamin C content for green mature and breaker peppers stored on room temperature (20^0C) increased up to 10 days of storage, reaching similar values as those obtained for red peppers direct from the plant. However, stored red ripe peppers showed a significant loss in vitamin C content, around 25%. Refrigeration at 4^0C for up to 20 days not change the ascorbic acid content, except for red peppers, which showed losses around 15% ***Martinez S., et all,*** 2005.

Antioxidants protect again free radicals and are therefore important in obtaining and preserving good health. In this respert, much attention has been given to the flavonoids, a class of polyphenols with strong antioxidant activities ***Arts et al***., 2003.

Total antioxidant capacity (TAC) of 32 fruit could be divided into four groups: the first group, containing highest antioxidant capacity (>10mmol Trolox/g) included persimmon, strawberry, guava and pomegranate, the second group contained high antioxidant capacity between (5-10 mmol Trolox/g) included kiwi fruit, sweet cherry, fuji apple etc.) the third group containing medium antioxidant capacity (3-5 mmole Trolox/g) included orange, nectarine, banana, tomato ; and fourth group containing lower antioxidant capacity(< 3mmoleTolox/g), include melon, pineapple honeydew melon, grape, pear and watermelon ***Lang,Yow-shen, Ke,Lih-shang ,*** 2006. Values of antioxidant activities measured by the TEAC methods are reported to have hight antioxidant activities in brocolli-6.48, onion-5.32, cauliflower-2.95, tomato-2.55, and letuce 1.71µmol g^{-1}on a fresh weight basis ***(Bahorun et all., 2004).***

The aims of this research were to evaluate the keeping quality (content of total antioxidant activity, water loss, firmness, and decay incidence) of bell sweet pepper held for three weeks storage on low temperature using prestorage heat treatment and individually shrink-wrapped fruits.

MATERIAL AND METHODS

Red bell pepper (*Capsicum annuum L.),* cv. Selica was grown in the plastic house (Jordan Valley - Israel) under winter conditions. Fruit were harvested in March at the ripe stage (11,4 % dry matter) of uniform size and colour. After harvest fruit were placed on commercial machines for cleaning and disinfecting pepper fruit. A unique and rapid method, ***Fallik et al.,*** 1996 for simultaneously rinsing and disinfecting (*Israeli patent 116965*) sweet pepper using hot water with 55+/- 1^0C for 12+/-2s. Quality parameters were evaluated immediately after harvest and at the end of 21 days storage at7^0C and 2^0C plus three days at 20^0C (shelf life simulation).

Control-unheated fruits wash only in cold water were either placed at 2^0C. Half of this fruits were individually shrink-wrapped with Cryovac D-955 film and stored also at 2^0C and relative humidity of ~90% (R.V.) during three weeks.

Weight loss was expressed as percentage of weight loss from the initial weight of five fruits. Total soluble solid was measured using a digital refractometer. Fruit color was assessed by Minolta colorimeter, for fruit firmness use method described Ben-Yehoshua et al (1983), CI-chilling injury measured visually as surface lesion on the fruits. Fruit was considered decayed once fungal mycelia appeared on the peel or calyx.

Total antioxidants activity (hydrolytic and lipophilic) was evaluated as scavenging capacity towards by measuring the decolorization of the cation radical of 2,2'-azino-bis-(3-ethylbenthiazoline-6-sulphonic acid) ($ABTS^{+}$) and expressed as Trolox equivalent antioxidant capacity (TEAC) ***Vinokur and Rodov,*** 2006**.**

RESULTS AND DISCUSSION

Antioxidant activity of bell peppers depends of several factors including genetic, environmental condition (temperature, light, water, and nutrien availability), production techniques used (plant grow regulators, date of harvest, etc.) and postharvest storage conditions.

It is necessary to know more about the effects of posthatvest conditions, especially low temperature on antioxidants in pepper, becouse temperature is the main factor for pepper quality in terms of antioxidants.

The relative capacity of antioxidants for scavenging $ABTS^{\cdot +}$ radical was compared to the antioxidant potency of Trolox (water-soluble vitamin E) as standard. TAA in red bell pepper immediately after harvest was 4.89 (0.84 lipophilic and 4,05 hydrophilic) µmol TE/g fr.wt. After 3 weeks storage at 2^0C, TAA in pepper with cold wash treatment was 4.72 and 3.97 TEAC µmol TE/g fr.wt. in HWRB treatment.

Tabela 1. Variation of antioxidant activity during 3 weeks storage on low (2 or 7^0C) followed by 3 day on 20^0C (shelf life) as expressed by TEAC values (*µmol TE/g fresh weigh).*

	Ukupna antioksidativna aktivnost Total antioxidant activity (TAA) ***µmol TE/g fresh weigh***				
	Lipophylic		***Hydrophylic***		***Total***
	TE	TEAC	TE	TEAC	TEAC
Start T_0	0,06	0,84	0,34	4,05	4,89
After 3week storage on 7^0C					
7^0C T_{21}	0,10	1,55	0,29	3,45	4,00
7^0C T_{21+3}	0,15	2,31	0,31	3,76	6,07
After 3 weeks storage on 2^0C					
2^0C Cold Water -**T_{21}**	0,09	1,30	0,29	3,42	4,72
2^0C C.W +shrink -T_{21}	0,09	1,40	0,26	2,99	4,39
2^0C HWRB - T_{21}	0,08	1,12	0,30	3,53	4,65
2^0C HWRB+shrink-T_{21}	0,08	1,08	0,29	3,44	4,61
After 3 weeks on 2^0C + 3day on 20^0C (shelf life)					
2^0C Cold Water -**$T_{21+3d.\ shelf\ life}$**	0,14	2,04	0,33	3,93	5,97
2^0C C.W + shrink -T_{21+3}	0,10	1,80	0,26	3,20	5,00
2^0C Hot.Water.R.B -T_{21+3}	0,14	2,06	0,32	3,82	5,88
2^0C HWRB+shrink-T_{21+3}	0,11	1,87	0,30	3,57	5,44

After 3weeks +3days shelf life on 20^0C TAA slowly growing up and obtained content of 5.97 in cold wash treatment and 5.88 TEAC µmol TE/g fr.wt. in HWRB. This is mainly due to changes in the lipophilic activity-LAA(treatment with cold water-2,04 and 2,06 µmol TE/g fr.wt. in HWRB, comparing with 0.84 µmol TE/g fr.wt. on beginning of storage). Hydrophilic antioxidant activity-HAA remains practically unchanged.

In fruit was stored at 7^0C pepper ripeness has been associated with carotenoids accumulation especially after 3 days on room temperature (*shelf life*), TAA was 5.33 TEAC (LAA 2.03) µmol TE/g fr.w.
Increasing TAA during low temperature storage could be related to ripening processes and metabolism of phenolic compounds ***Javanmardi and Kubota.,*** 2006**.** During ripening, the TAA increases and this increase is mainly due to changes in to the LAA. HAA remains practically unchanged after 3 week on 2^0C (between 2-5%) from the initial value. Similarly, ***Martinez et al.,***(2005) published that during storage of red pepper at 4^0C for up to 20 days showed losses in ascorbic acid content around 15%.
The new method was applied for evaluation of TAA (HAA and LAA) in various treatment on low temperatures on pepper fruits during prolonged storage. In pepper fruit this ratio between HAA and LAA was 1:2 and 1: 3, depend of storage temperature and postharvest treatment (heat treated and wrapped fruit). In investigations ***Vinocur and Rodov***., (2006) in cherry tomatoes this ratio changed from approximately 1:5 in green fruit to 1:3 in pink one and 1: 1,5 in red one. In parallel, the total activity, increased from 0.6 to 1.5µM Trolox equivalents (TE) per gram fresh weight, most probably due to the accumulation of lycopene. Similar trends in changes of lipophylic and hydrophillic antioxidant activity in ripening tomatoes were described by ***Cano et al.,*** (2003). Practically all antioxidant activity of strawberry was represent by hydrophillic compounds with just trace amount of lipophilic antioxidants.
Temperature stresses before storage (hot water 55^0C for 12 sec) and low temperature during storage conditions (3 weeks on 2^0C) affect the pathways involved in the biosynthesis secondary metabolites, lead to higher phenolic metabolism and antioxidant capacity on pepper fruit.

Tab. 2 : Total carotenoid content (mg/g) in pepper fruit during storage period

Content of ***carotenoides***	***mg/g***
Start T_0	**0,10**
7^0C T_{21}	0,17
7^0C T_{21+3}	0,29
2^0C Cold Water -$\mathbf{T_{21}}$	0,13
2^0C C.W +shrink -T_{21}	0,12
2^0C HWRB - T_{21}	0,11
2^0C HWRB+shrink-T_{21}	0,10
2^0C Cold Water -$\mathbf{T_{21+3d.\ shelf\ life}}$	0,22
2^0C C.W +shrink -T_{21+3}	0,21
2^0C Hot.Water.R.B -T_{21+3}	0,22
2^0C HWRB+shrink-T_{21+3}	0,21

A total carotenoid content of bell peppers after 3week of storage on 2^0C remains practically unchanged (especially fruit from hot water treatment and wrapped fruit - 10mg/g) in comparing with 0,10mg/kg on beginning of storage. Content in cold water fruit was 0,13mg/g. In same period carotenoid content in fruit storage at 7^0C was 0.17mg/kg fresh weight.
After shelf life period (adding 3day on 20^0C) the carotenoide content was significant increased as much as at 7^0C (0,29mg/g f.w.) in compare to fruit on 2^0C (0,21-0,22 mg/kg

f.w.).In fruit was stored at 7^0C pepper ripeness has been associated with carotenoids accumulation especially after 3 days on room temperature – during shelf life period.

Tab.3: Quality parameters of red bell pepper after prolonged storage on low temperature

3 weeks +3 days on 20^0C	Water loss%	Firmness (1-4)	Decay % fruit	Decay % calyx	Color 1-4	Chilling injury - CI
HWRB – 7^0C	3,31	3,2	18,2	6,0	3.5	0
Cold water – 2^0C	3,95	2,6	30,5	23.6	3.25	78,5
HWRB	4,24	2,5	28,3	25,2	3.5	53,5
Cold water +shrink	0,47	2,2	14,5	7,2	3.25	9,2
HWRB+shrink	0,56	2,0	13,2	7,9	3.0	8,1

Shelf life begins after harvest, therefore maintaining a low rate of weight loss and softening in bell pepper after harvest is important for prolonged storage and sea transport to distant markets. Fruit quality can be characterized by several interrelated factors, such as general appearance, firmness and decay incidence. The general appearance (GA) of fresh bell peppers, firmness and texture are important criteria for determining market quality and consumer acceptance. Quality of bell pepper after harvest is largely influenced by water loss from the fruit. About 26% of the water loss in mature fruit occurred through the calyx ***(Diaz-Perez et al., 2006).*** Fruit water loss was positively correlated with degree of chilling injury.
Damage caused by chilling injury in peppers is typified by dot-pitting followed by sheet-pitting. The degree of chilling injury depends on the temperature to which it is exposed, the duration of exposure, maturity and the part of the fruit. Hot water treatment and shrink film wrapping decreases percent of chilling on bell pepper fruit during storage on low temperature. The individually shrink-wrapped pepper fruit could be stored for 3 weeks on 2^0C followed prestorage treatments with cold and hot water rinsing.
In same time non wrapped fruit from same treatment, showed big percente of CI (chilling injury) symptoms (78,5% and 53,5%) during shelf life period (3 days on 20^0C). The wrapped fruits ripened normally with good sensory traits (with firm texture and good flavour), during shelf life period when shifed to 20^0C after unwrapping.
Steam and calyx are more sensitive fruit part in comparison with fruit mescarp. These morphological lesions may lead to Alternaria-induced rot on pods and calyxes, seed darkening, and fruit shrinkage due to moisture loss. This chilling induced fruit damage markedly reduces the quality and shelf life of pepper fruit.

LITERATURE:

Arts,J.T.M., Dallinga,S., Voss,H.P., Haenen, R.M.M. and Bast A. (2003): Food Chemistry 80, 409-414
Bahorun Th., ***Luxomon-Ramma A., Crozier A. and Aruoma I. O.*** (2004) : J. Sci. Food Agric. 84 : 1553-1561,
Cano,A., ***Acosta, M., and Arnao,M.B.*** (2003) : Postharvest Biol. Technol. 28 : 59-65
Diaz-Perez.C.J., Muy-Rangel D.M. and Mascorro G.A. (2006) : Jornal of the Science Food and Agriculture . 87:1, 68-73

Frank,C.A., R.G.Nelson, E.H.Simonne,B.K., Bhe and A.H. Simonne. (2001): Consumer preferences for color, price, and vitamin C content of bell pepper. Hort Science 36:795-800
Fox,J.A., Pozo-Insfran,D.D., Lee.H.L., Sargent,A.S. and Talcott,T. (2005): Hort Science 40(3):732-736
Javanmardi J., ***and Kubota C.*** (2006) : Postharvest Biol. Techn. 41 : 151-155
Lang,Yow-shen, Ke,Lih-shang. (2006) : Studies on the antioxidant capacity of fruit. J.Agric. Assoc. of China. 7 (5) : 441-454
Maalekuu,K., Elkind,Z., Tuvia-Alaklai-Sharon, Shalom Y.and Fallik E. (2003) : Quality evaluation of tree sweet pepper cultivars after prolonged storage. Adv. Hort. Sci., 17 (4) : 187-191
Marin A., Ferreres F., Tomas-Barberan F.A. and Gil M.I. (2004): Characterisation and quantitation of antioxidant constituents of sweet pepper(Capsicum annuum L.) . J. Agric. Food Chem. 52 (12) : 3861-3869
Martinez,S., Lopez,M., Gozales-Raurich M .and Alvarez AB. (2005) : Inter. Journal of Food Science and Nutrition 56(1): 45-51
Vinocur Y and Rodov,V. (2006) : Method for determining total (Hidrophilic and Lipophilic) radical scavenging activity in same sample of fresh produce. Acta Hortic. 709, 53-61

LAA-ЛИПОФИЛНА И HAA-ХИДРОФИЛНА АНТИОКСИДАТИВНА АКТИВНОСТ ВО ЦРВЕНИТЕ ПИПЕРКИ-БАБУРИ ЗА ВРЕМЕ НА ЧУВАЊЕТО НА РАЗЛИЧНИ ТЕМПАРАТУРИ

Зоран Илиќ[1], Авитал Бен-Јозеф[2], Јаков Партзелан[2], Шарон Алкалаи-Тувиа[2]
Елзар Фалик [2]

[1]Земјоделски факултет, Зубин поток, Косовска Митровица, Србија
[2]Организација за развој на земјоделството (ARO), Волкани Центар, Оддел за послебербена наука на свеж производ, Израел

КРАТОК ИЗВАДОК

Пиперката *(Capsicim annum L.)* е зеленчуков вид, познат по содржната на антиоксиданти кои се многу значајни за хранлива вредност на пиперката. Вкупната антиоксидативна активност (ТАА) на плодовите од пиперката се изразува со TEAC (trolox equivalent antioksidant capacity). Со овој метод се одредува хидрофилната (витамин С) и липофилната (каротиноиди и витамин Е) содржина и се базира на вкупниот капацитет на чистење на радикалите и способноста за отстранување на веќе постоечките ABTS радикали ($ABTS^+$) по методот на *Vinokur u Rodov (2006*). Плодовите се чистени и дезинфицирани со топла вода пропратено со четкање и туширање (HWRB- *hot water rinsing and brushing*) на 55^0C опишано во методот на *Fallik et all.,* (1999). Плодовите миени со обична вода беа земени за контрола. Плодовите беа чувани на 2^0C и 7^0C за време од 3 недели +3 дена на 20^0C (*shelf-life* симулација на продажните услови).
ТАА кај црвените пиперки, тип бабура, непосредно после бербата беше 4.89 (0.84 липофилна и 4.05 хидрофилна активност) µmol TE/g свежа маса. После тринеделното чување на 2^0C, ТАА кај варијантата на пиперки миени со ладна вода беше 4,72 и 4.65TEAC µmol TE/g кај HWRB.
